Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 276, 17 мај 2021 година

мај 2021 година
Штип

## СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНИСТИКА (64000) И ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СИНТАКСА (64018) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 3

РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗАНАКЛИНИЧКИОТПОТЕНЦИЈАЛИБЕЗБЕДНОСТНАРАЗЛИЧНИ ТРИГЕРИ НА ФИНАЛНАТА ООЦИТНА МАТУРАЦИЈА КАЈ ПАЦИЕНТКИ СО РИЗИК ОД ПОЈАВА НА СИНДРОМОТ НА ХИПЕРСТИМУЛАЦИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ВОНТЕЛЕСНО ОПЛОДУВАЊЕ“ ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ..... 13

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ДЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА - СКРИПТА”ОД АВТОРОТ ДОЦЕНТ Д-Р САЊА НАШКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 20

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно - научниот совет на докторски студии на кампус 3 ..... 23

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 24

ПРИГОВОР на Рефератот за избор на соработник во звање асистент за научната област граѓанско право на правен факултет при Универзитет “Гоце Делчев” во Штип, објавен во Билтенот на Универзитет “Гоце Делчев” во Штип, бр. 274, од 15.04.2021 година ..... 25

ОДГОВОР на Приговор поднесен од м-р Мартина Глигорова, бр.1105-66/2 од 29.4.2021 год. против Рефератот за избор на соработник во звање асистент за научна област граѓанско право на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, објавен во Билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип бр.274 од 15.4.2021 година. ..... 43

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНИСТИКА (64000) И ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СИНТАКСА (64018) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-70/10 од 31.3.2021 година, донесена на 225. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип, одржана на 31.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област *македонистика (64000)* и *граматика, семантика, синтакса (64018)* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– **д-р Симон Саздов,** редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, претседател;
– **д-р Игор Станојоски,** вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;
– **д-р Ана Витанова-Рингачева,** доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 19.3.2021 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Марија Соколова. Врз основа на деталното разгледување на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатка **д-р Марија Соколова**: При деталното разгледување на пријавата и сите поднесени документи од кандидатката д-р Марија Соколова, доставена во предвидениот рок, определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека кандидатката д-р Марија Соколова доставила комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со објавениот Конкурс.

***Биографски податоци за кандидатката д-р Марија Соколова***

Д-р Марија Соколова е родена на 28.2.1980 година во Кочани. Основно и средно образование завршува во Кочани, со одличен успех, како ученик на генерацијата, и како учесник на различни државни натпревари е наградувана неколку пати. Во 1999 год. се запишува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Македонски јазик и јужнословенски јазици и книжевност. Дипломира во 2004 година (просек 8.07), а во 2005 год. се запишува на постдипломските студии од научната област македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Испитите ги положува во предвидениот рок (просек 9.60), а во 2010 год. го брани магистерскиот труд на тема „Култура на писменото изразување на учениците во основното образование“ под менторство на проф. д-р Стојка Бојковска, со што се стекнува со научен степен магистер на филолошки науки.

Во 2011 година кандидатката Марија Соколова се запишува на трет циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Докторската дисертација со наслов „Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик“ ја брани во 2018 година под менторство на проф. д-р Снежана Веновска-Антевска, стекнувајќи се со научен степен доктор по филолошки науки.

Државниот испит за лектор по македонски јазик кандидатката го положува во 2004 година, после кој се јавува како лектор на над триесетина научни и стручни трудови од различни области. Вклучена е и како соработник – лектор во неколку издавачки куќи, лекторира книги, весници, списанија и др.

Има богато работно искуство во сите степени на образование како:
- наставник по македонски јазик и литература во ПСУ „Јахја Кемал“ – Скопје;
- наставник по македонски јазик и литература во ПСУ „САБА“ – Скопје;
- демонстратор по предметите Современ македонски јазик 1 и Современ македонски јазик 2 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје;
- предавач по предметот Македонски јазик за странци при Институтот за јазици на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- наставник по македонски јазик во ОУ „Раде Кратовче“ – Кочани;
- наставник по македонски јазик и литература во СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани;
- стручњак од практика по македонски јазик за предметите Лексикологија, Ономастика и Споредбена граматика на словенските јазици на Катедрата за македонски јазик и книжевност;
- стручњак од практика по македонски јазик за предметот Македонски јазик за студентите од Катедрата за англиски јазик и книжевност, Катедрата за германски јазик и книжевност и Катедрата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет – Штип.

Почнувајќи од 2003 год. е активна учесничка на курсеви и семинари во државата и надвор од неа: практична настава по дијалектологија (Крива Паланка, 2003); учесник на Петти научен собир на млади македонисти (2006, Скопје); учесник на Шести научен собир на млади македонисти (2008, Скопје); учесник на Седми научен собир на млади македонисти (2010, Скопје); надворешен соработник во проектот „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија“ (2008); надворешен соработник на проектот „Дигитализација на Картотеката на македонските глаголи во Институтот за македонски јазик“ (2011); Во 2008 година е на тринеделен студиски престој во Бауцен, Германија на Семинарот за изучување на лужичко-српски јазик.

Се јавува како автор на следниве трудови:
1. Стразбуршка лекција за Грција и за Бугарија, Литературен збор, бр. 1–3, 2006, Скопје.
2. Содржинско-јазична анализа на учебниците по македонски јазик како немајчин за реформираното гимназиско образование, Зборник: Петти научен собир на млади македонисти, 2008, Скопје.
3. Содржините по морфологија во наставните програми по предметот Македонски јазик во основното образование (предметна настава), Зборник: Шести научен собир на млади македонисти, 2010, Скопје.
4. Улогата на наставниците во градењето култура на писменото изразување на учениците во основното образование, Литературен збор, 4–6, 2010, Скопје.
5. Јазичната структура на СМС-пораките, Зборник: Седми научен собир на млади македонисти, 2016, Скопје.
6. Асоцијативното поле на стимулусот *глуп* во асоцијативните речници на македонскиот, српскиот, бугарскиот и рускиот јазик, Годишен зборник на УГД, 2018, Штип.
7. Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик – експозе од докторски труд, Годишен зборник бр. 43–44 на Филолошкиот факултет – Скопје, 2018, Скопје.
8. Асоцијативниот речник како основа за истражување на асоцијативите, Македонистика бр. 17, Институт за македонски јазик, 2018, Скопје.
9. Споредбена анализа на исти стимулуси од македонскиот асоцијативен речник со други асоцијативни речници, Палимпсест, 2019, Штип.
10. Асоцијативите во македонскиот современ јазик со Асоцијативен речник на македонскиот јазик и Обратен асоцијативен речник на македонскиот јазик, 2019, Кочани.

Од приложената документација: копија од потврда за познавање на англиски јазик заверена на нотар, копија од оригинален сертификат за познавање на германски јазик заверена на нотар, оригинална диплома за завршен курс по албански јазик, оригинален сертификат за познавање на грчки јазик, може да се констатира дека кандидатката има познавање на англискиот и германскиот, како и на грчкиот и албанскиот јазик. Покрај овие, има познавање и на рускиот и на турскиот јазик.

Кандидатката има солидни познавања од работа со компјутери. Во работата со македонските и странските студенти на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се истакнува и со своите комуникативни и организациски способности, методолошкиот пристап и дисциплинирано и совесно извршување на зададените задачи.

*Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на д-р Марија Соколова*

Д-р Марија Соколова во својата биографија бележи богато и разновидно работно искуство во сите степени на образование – основно, средно и високо образование.

Започнува како наставник по Македонски јазик и литература во средно образование во 2006 година кога е ангажирана во ПСУ „Јахја Кемал“ во Скопје. Од 2007 до 2009 година ја извршува истата функција во ПСУ „САБА“ во Скопје. Во основното образование е во периодот од 2012 до 2014 година како наставник по Македонски јазик во ОУ „Раде Кратовче“ во Кочани. Од септември 2014 година до денес д-р Марија Соколова работи како наставник по предметот Македонски јазик и литература во СОУ „Гошо Викентиев“ во Кочани.

Во високото образование била ангажирана како демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во периодот од октомври 2007 до декември 2009 година. Од 2010 до 2017 година континуирано е ангажирана како предавач по македонски јазик за странски студенти на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Истата функција продолжува да ја извршува од 2020 година, каде што и денес е ангажирана. Од октомври 2018 година работи како стручњак од практиката по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Штип за предметите Лексикологија, Ономастика и Споредбена граматика на словенските јазици на Катедрата за македонски јазик и книжевност. Стручњак од практиката е и за предметот Македонски јазик за студентите од другите катедри во студиската 2018/2019 година.

Во текот на сите години поминати како наставник, покрај наставно-образовните активности, д-р Марија Соколова пројавила и забележителна активност на научноистражувачки план. Автор е на девет авторски трудови во домашни списанија и публикации и публикации со меѓународен научен карактер. Кандидатката има објавено капитално дело, книга „Асоцијативите во македонскиот современ јазик со Асоцијативен речник на македонскиот јазик и Обратен асоцијативен речник на македонскиот јазик“, прва од ваков вид кај нас.

*Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатката д-р Марија Соколова*

***Димитрова Марија (2006). Стразбуршка лекција за Грција и за Бугарија. Литературен збор, Скопје, Год. LIII, бр. 1–3, 188–190.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува јазична или јазично-стилска анализа на еден новинарски текст со наслов „Стразбуршка лекција за Грција и за Бугарија“, објавен во еден македонски дневен весник во 2005 година. Во трудот се дадени јазични карактеристики на споменатиот новинарски текст.

***Димитрова Марија (2008). Содржинско-јазична анализа на учебниците по македонски јазик како немајчин за реформираното гимназиско образование. Во: Зборник „Петти научен собир на млади македонисти“, 47–58. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици.***

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува панорамска елаборација за содржинско-јазичните елементи на учебниците по предметот Македонски јазик и литература во гимназиското образование во Македонија за паралелките со албански и со турски наставен јазик. На почетокот од трудот се наведуваат општи податоци за историјатот на гимназиското образование во Република Македонија и за неговото враќање во средното образование во учебната 1991/1992 година. Авторката ги наведува причините за промена

на наставниот план, како и основните карактеристики на новиот наставен план. Во трудот се врши и анализа (содржинско-јазична) на неколку конкретни учебници по предметот Македонски јазик и литература за паралелките со албански и турски наставен јазик со посебен осврт на наставното подрачје јазик и наставното подрачје литература. Во заклучокот од трудот авторката зборува за извесна нерамномерност во претставувањето на одделни методски единици, па нагласува дека авторите на учебниците некаде премногу опширно ги претставиле наставните единици, а некаде многу оскудно, но, според авторката, најважно е учениците да добијат повеќе информации од страна на нивниот наставник кој, покрај учебниците, треба да користи и научни помагала за да може подобро да ја презентира наставната единица.

***Соколова Марија (2010). Содржините по морфологија во наставните програми по предметот Македонски јазик во основното образование (предметна настава). Во: Зборник „Шести научен собир на млади македонисти", 263–268. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески".***

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува осврт кон проблематиката поврзана со учебниците по предметот Македонски јазик во основното образование во Македонија. Авторката зборува за морфолошките содржини во учебниците (за видови зборови што не се застапени и за начинот на претставување само на една глаголска форма). Се посветува внимание и на општата состојба во основното образование во Македонија со недостигот од учебници, односно дека има програма, но нов учебник се уште нема. Во разговор со претставниците од Бирото за развој на образованието се добил сосема поинаков одговор дека нов учебник се уште нема, но го негираат податокот дека на наставниците им е отежната работата во реализирањето на Програмата, бидејќи постојат постари изданија на учебници. Овој труд се однесува на научната област методика на јазик и македонистика.

***Соколова Марија (2010). Улогата на наставниците во градењето култура на писменото изразување на учениците во основното образование. Литературен збор, Скопје, Год. LVII, Бр. 4–6, 167–171.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд е поврзан со работата на кандидатката во доменот на нејзиниот магистерски труд. Целта на овој труд е да се дознае ставот и улогата на наставниците во градењето култура на писменото изразување на учениците. За да се постигне таа цел, извршено е анкетирање на наставниците по македонски јазик, а реализиран е и непосреден контакт со нив. Авторката на трудот детално и системски ги презентира резултатите од анкетата и од непосредниот контакт со наставниците. На овој начин доаѓа до релевантни податоци за проблематиката на писменото изразување на учениците од што ќе произлезат и суштински ефективни предлози од наставниците за подобрување на писменото изразување на учениците: „да се зголеми фондот на часови по македонски јазик; учениците да ги читаат лектирите, да читаат слободна литература и слично; да им се даваат повеќе домашни задачи на учениците; сите наставници да водат грижа за писменото изразување на учениците, а не само наставниците по македонски јазик; уште во одделенска настава наставниците да водат сметка за писменото изразување на учениците; средба со поети и писатели и читање литературни дела; посета на литературни катчиња; да се вметнат часови за краснопис". Станува збор, имено, за системско истражување на авторката презентирано во овој труд, а во таа смисла трудот носи со себе научен придонес за проблематиките поврзани со научната област македонистика и граматика.

***Соколова Марија (2016). Јазичната структура на СМС-пораките. Во: Зборник „Седми научен собир на млади македонисти", 215–219. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески".***

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката се задржува на проблематиката поврзана со културата на писменото изразување на учениците во основното образование во Македонија. Предмет на истражување, како што може да се види и од самиот наслов на трудот, се СМС-пораките на учениците од петто до осмо одделение од неколку градови од Македонија. Авторката констатира дека учениците најчесто ги пишуваат пораките на латиница, дека не внимаваат на користењето на мали и големи букви, дека

учениците употребуваат и некои симболи со цел да се скрати времето на пишување, дека употребуваат скратеници и емотикони и слично. Во трудот се наведуваат и аномалиите во комуникацијата со ваквите пораки, односно тешкотиите при автентичното семантичко декодирање на кратките СМС-пораки, но и јазичните грешки што притоа се прават, па авторката ќе заклучи: „Колку и да се придржуваме до тоа дека пораките можеме да ги пишуваме како што сакаме, бидејќи нив ги читаат само испраќачот и примачот, а не и многу други, сепак и СМС-пораките се една форма на писмено изразување. И преку нив може да се види колку умее ученикот правилно да се изразува, колку умее правилно да ги применува правилата на стандардниот македонски јазик". Затоа може да се констатира дека и овој труд на кандидатката има значење за научната област македонистика.

***Соколова Марија (2017/2018). Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик (експозе на одбранет докторски труд). Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", книга 43–44, 305–317. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески".***

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува приказ на докторската дисертација на кандидатката д-р Марија Соколова што е одбранета на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во април 2018 година. Во трудот се забележува дека докторската дисертација на Соколова опфаќа две главни теми: паронимите, разработени во 11 поттеми, и асоцијативите, разработени во 16 поттеми, секоја со соодветни наслови и поднаслови, што овозможува прегледно следење на материјалот што се обработува. На почетокот на овој труд се наведуваат мотивите и поттиците за изработка на докторска дисертација на ваква тема: паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик, теми кои досега не биле предмет на посебни истражувања. Во светската лексикологија веќе се менува мислењето за тоа што се паронимите преку воведување на построги критериуми. Асоцијативите, од друга страна, се солидна основа за психолошки, лингвокултуролошки, лексикографски и други истражувања, и како начин на прикажување на националниот поглед на светот.

На крајот од трудот како прилози се претставени клучните придобивки од докторската дисертација: Краток речник на паронимите, првиот Асоцијативен речник на македонскиот јазик и првиот Обратен асоцијативен речник на македонскиот јазик.

***Соколова Марија (2018). Асоцијативното поле на стимулусот глуп во асоцијативните речници на македонскиот, српскиот, бугарскиот и рускиот јазик. Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Штип, Год. 9, Бр. 12, 17–22. Штип: Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** Станува збор за компаративно-лингвистичка студија од научните области лексикологија и славистика. Имено, како што пишува и самата авторка во трудот, асоцијативните речници помагаат во разграничување на основното од типичното значење на лексемите. За да се дојде до основното значење на некои зборови, потребно е да се разоткрие типичната вонјазична ситуација која е во врска со дадениот збор. Описните придавки најчесто ги опишуваат особините на луѓето, но и на предметите и на појавите. Откривањето на нивното основно значење, значи откривање на типичните ситуации за тие особини, како и типичните учесници за нив. При анализа на асоцијативните речници, поконкретно на стимулусот глуп, во македонскиот, српскиот, бугарскиот и рускиот јазик, авторката забележува постоење на голема сличност помеѓу асоцијациите кај словенските народи, пред се кај Македонците, Србите и Бугарите и во помала мера Русите. Како што истакнува д-р Марија Соколова: „Македонците, Србите и Бугарите имаат ист поглед на светот, исти уверувања, па и исти стереотипи". Може да се констатира дека овој труд на Соколова претставува придонес во истражувањата во научните области лексикологија и славистика, дотолку повеќе што трудот е објавен во меѓународна научна публикација во која трудовите се рецензираат.

***Соколова Марија (2018). Асоцијативниот речник како основа за истражување на асоцијативите. Македонистика, Бр. 17, 133–168. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков".***

**Евалуација на трудот**: Станува збор за обемен труд во кој се елаборираат голем број прашања поврзани со темата, како што се појавата, развојот и карактеристиките на асоцијативите, асоцијативите во менталниот лексикон, синтагматските и парадигматските односи кај асоцијациите, историскиот развој на асоцијативните речници, асоцијациите во македонскиот јазик, изработката на првиот Асоцијативен речник на македонскиот јазик од 50 зборови итн. Во заклучокот од трудот се нагласува дека семантички поврзаните лексеми се асоцијативно поврзани и така може да се определи нивната врска во менталниот лексикон. Асоцијациите ја претставуваат не само јазичната туку и вонјазичната врска со стимулусот. Од друга страна, како придобивка од изработката на Асоцијативниот речник на македонскиот јазик и Обратниот асоцијативен речник на македонскиот јазик се наведува тоа што тие овозможуваат да се формира јадрото на јазичното сознание во македонскиот јазик и да се спореди со јадрата на другите словенски јазици. Овој труд на кандидатката д-р Марија Соколова има придонес во истражувањата од научните области лексикологија и славистика.

***Соколова Марија (2019). Споредбена анализа на исти стимулуси од македонскиот асоцијативен речник со други асоцијативни речници. Палимпсест, год. IV, бр. 7, 77–85. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.***

**Евалуација на трудот**: Овој текст на Соколова претставува оригинален научен труд објавен во меѓународна научна публикација. Во трудот е извршена аналитичка компарација на исти стимулуси од македонскиот асоцијативен речник со асоцијативни речници на пет други словенски јазици, односно српски, руски, белоруски, бугарски и украински. Целта на истражувањето, како што нагласува авторката, е да се види фреквенцијата на дериватите во асоцијативните полиња на стимулусите, но и фреквенцијата на стимулусите во асоцијативните полиња на дериватите, а задачата на истражувањето е да се споредат асоцијациите на 13 зборови стимулуси од асоцијативните речници на 5 јазици со асоцијациите во Асоцијативниот речник на македонскиот јазик. Имено, во трудот се анализираат асоцијативните полиња на стимулусите: *бел*, *богат*, *вода*, *време*, *глава*, *глуп*, *говорење*, *ден*, *дом*, *живот*, *лице*, *љубов* и *рака*, а резултатите од компаративната анализа за секој збор се приложени во табели. Преку него авторката согледува дека на испитаниците прво им паѓаат на памет зборови кои во менталниот лексикон се наоѓаат непосредно едни до други. Штом дериватите, па и паронимите, не се чести асоцијации, следува дека не се блиску едни до други во менталниот лексикон. Трудот е значаен од аспект на компаративните истражувања од областа на славистиката, лексикологијата, и воопшто, македонистиката.

***Соколова Марија (2019). Асоцијативите во македонскиот современ јазик со Асоцијативен речник на македонскиот јазик и Обратен асоцијативен речник на македонскиот јазик. Кочани.***

Овој труд на д-р Марија Соколова е од особено значење за македонскиот јазик и воопшто македонистиката и граматиката. Станува збор за труд, прв од ваков вид во нашиот јазик. Даден е преглед на 50 избрани стимулуси во македонскиот јазик што нудат асоцијативи и даваат една претстава како овие истражувања гравитираат во македонскиот јазик во определена популација. Треба да се спомене дека асоцијативите речиси не се истражувани во македонската лингвистика. Во книгата се следи појавата, развојот и карактеристиките на асоцијативите, воедно се прикажани различни видови асоцијативни тестови. Авторката ги анализира истражувањата посветени на асоцијативите во другите словенски јазици и во македонскиот јазик и ја нагласува потребата од изработка на асоцијативен речник. Преку обемни истражувања се доаѓа до првиот Асоцијативен речник на македонскиот јазик и првиот Обратен асоцијативен речник на македонскиот јазик. Тие од своја страна помагаат авторката да го дефинира јадрото на јазичното сознание во македонскиот јазик, а него го сочинуваат неколку лексеми кои се асоцијации на најголем број стимулуси.

Преку оваа книга, д-р Марија Соколова го отвора и прашањето за асоцијативната граматика врз примери од македонскиот јазик, притоа ги поставува основните принципи, закони, елементи и нивоа во асоцијативната граматика кај нас. И како што заклучува

авторката „Анализата на асоцијативното поле изгледа едноставна, но во практика е мошне сложена. Различни стручњаци: социолози, педагози и културолози различно ги толкуваат асоцијативните полиња од асоцијативните речници." Овој труд отвора простор за наредни испитувања, истражувања, како и проширувања на речниците, секако со нови дополнителни зборови како стимулуси. Книгата претставува солидна основа за различни истражувања во македонската лексика. Со овој оригинален труд се збогатува литературата со теми што бараат поширок пристап во истражувањата на македонскиот јазик. За значењето и важноста на оваа книга говори и фактот што д-р Димитрина Лесневска има напишано рецензија за книгата и истата е објавена во меѓународното научно списание „Русистика без граници" (декември, 2020) во Софија, Р. Бугарија.

***Приказ на докторската дисертација од кандидатката д-р Марија Соколова***

Докторската дисертација на Соколова е одбранета во април 2018 година и е на тема „*Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик*". Докторската дисертација опфаќа две главни теми: паронимите и асоцијативите, детално разработени.

Авторката воведува нов пристап во дефинирањето на паронимите преку воведување на построги критериуми, коишто кај нас се уште не се имплементирани. Таа прави паралела помеѓу паронимите со другите зборови (синоними, антоними, хомоними, асоцијативи и др.) и спроведува истражувања со цел да ги открие причините поради кои доаѓа до замена на паронимските парови. Изработува краток речник на паронимите во македонскиот јазик.

Бидејќи се соочува со недостиг на соодветна литература за асоцијативите кај нас, авторката преку обемна и валидна анкета на студентската популација (од сите државни универзитети во Републиката) го изработува првиот асоцијативен речник. Тој, пак, од своја страна е предуслов за изработка на првиот Обратен асоцијативен речник на македонскиот јазик, за научни истражувања, за откривање на врската помеѓу вербалните асоцијации и конотацијата, за анализа на асоцијативниот речник во семантичките истражувања, за концептуализација на одредени зборови, за откривање на врската помеѓу асоцијациите и стереотипите, за споредбена анализа на асоцијативните речници, за асоцијативната граматика и други теми кои во овој труд авторката детално ги обработува.

Проучувањето на паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик е полезно не само за оние кои се занимаваат со лексикологија туку и за психолозите, културолозите, лингвистите, новинарите, странците кои го изучуваат македонскиот јазик, во маркетинг-агенциите итн.

***Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Марија Соколова***

Од аспект на наставно-образовната дејност јасно се гледа дека кандидатката д-р Марија Соколова има повеќегодишно работно искуство во наставата во сите степени на образование, во различни образовни установи и институции и на различни места во нашата земја. Најпрвин била ангажирана како демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, во периодот од 2007 до 2009 год. Како предавач по Македонски јазик за странци за интернационалните студенти во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при УГД – Штип, работи во периодот од 2010 до 2017 година. Како стручњак од практиката по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Штип за предметите Лексикологија, Ономастика и Споредбена граматика на словенските јазици на Катедрата за македонски јазик и книжевност, ангажирана е во студиската 2018/2019 година, како и за предметот Македонски јазик за студентите од Катедрата за англиски јазик и книжевност, Катедрата за германски јазик и книжевност и Катедрата за турски јазик и книжевност. Во академската 2020/2021 год. продолжува како предавач по предметот Македонски јазик за странци за интернационалните студенти во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при УГД – Штип. Работи како наставник по предметот Македонски јазик (во основното образование) и Македонски јазик и литература (во средното образование) и тоа во неколку основни и средни училишта во

Македонија. Денес кандидатката работи како наставник по предметот Македонски јазик и литература во СОУ „Гошо Викентиев“ во Кочани.

Во однос на научноистражувачката дејност произлегува дека кандидатката д-р Марија Соколова се занимавала со широк спектар на теми од јазикот. Македонскиот јазик го разгледува и од балканистички контекст, што може да се види и од објавените научни и стручни трудови во различни публикации. Има изработено и одбрането магистерски труд на тема „Култура на писменото изразување на учениците во основното образование“ и докторска дисертација на тема „Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик“, две теми кои даваат значаен придонес од областите македонистика и граматика. Од особено значење за македонистиката е објавувањето на книгата „Асоцијативите во македонскиот современ јазик“, но и објавувањето на двата речника - првиот Асоцијативен речник во македонскиот јазик и првиот Обратен асоцијативен речник во македонскиот јазик, кои отвораат простор за нови дополнувања, проширувања и истражувања значајни за јазикот. Учествува во изготвувањето на Наставниот план и програма по предметот Македонски јазик за странци за А1 и А2 ниво на Институтот за јазици при УГД – Штип.

Во врска со стручно-апликативната дејност од документацијата на кандидатката, може да се констатира дека д-р Марија Соколова зема учество во разни обуки и научни собири. Учествува во четиридневната Програма за професионален развој на наставниците за настава, учење и оценување на квалификациите од СОО во организација на Британскиот совет и Министерството за образование и наука на Република Македонија во август 2016 година. Учесник е на обуката на тема „Користење на интерактивни – современи методи и техники во наставата за средно образование“ во Кочани во организација на Бирото за развој на образованието во август 2016 година. Ја следи базичната обука за меѓуетничка интеграција во образованието организирана на училишно ниво во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието во март 2016 година. Активен учесник е на обуката за реализација на нови модуларно дизајнирани наставни програми базирани на компетенции реализирана во Скопје во август 2019 година.

Учествува на Петтиот научен собир на млади македонисти во 2006 год., на Шестиот научен собир на млади македонисти во 2008 год., на Седмиот научен собир на млади македонисти во 2010 година. Како надворешен соработник учествува во проектот „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија“, како и во проектот „Дигитализација на Картотеката на македонските глаголи“ при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје.

Во декември 2019 година д-р Марија Соколова се јавува како промотор на книгата „Употребата на македонскиот јазик во јавното оптштење во медиумскиот простор во Кочани и Кочанско – Состојби и перспективи“ од м-р Љубинка Ајтовска, во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведените факти во деталниот извештај, произлезени од доставената целосна и соодветна документација на пријавената кандидатка, членовите на Рецензентската комисија заклучија дека најсоодветен кандидат за наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научните области македонистика (64000) и граматика, семантика, синтакса (64018) е кандидатката д-р Марија Соколова. Членовите на Комисијата, исто така, констатираа дека кандидатката д-р Марија Соколова ги исполнува сите законски критериуми за избор во звање *насловен доцент*. Таа поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Затоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и кандидатката д-р Марија Соколова да ја избере во насловно звање насловен доцент за подрачје 6.04 наука за јазикот (лингвистика) за наставно-научните области македонистика (64000) и граматика, семантика, синтакса (64018) на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Симон Саздов,** редовен професор – претседател, с.р.
**Д-р Игор Станојоски,** вонреден професор – член, с.р.
**Д-р Ана Витанова-Рингачева,** доцент – член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**
**за кандидатката д-р Марија Соколова**

| Р.бр. | **Наставно-образовна дејност** | **поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | 0 |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **поени** | | | | |
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | 10 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) | 2 | 9 | | | 18 |
| 3 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 7 | 2 | | | 14 |
| 4 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 5 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| 6 | Студиски престој во странство | 1 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **62** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **поени** | | | | |
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 1 | Речник | 2 | 10 | | | 20 |
| 2 | Учесник во научен проект | 2 | 5 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| | **ВКУПНО НО+НИ+САОР** | | | | | **92** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА КЛИНИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И БЕЗБЕДНОСТ НА РАЗЛИЧНИ ТРИГЕРИ НА ФИНАЛНАТА ООЦИТНА МАТУРАЦИЈА КАЈ ПАЦИЕНТКИ СО РИЗИК ОД ПОЈАВА НА СИНДРОМОТ НА ХИПЕРСТИМУЛАЦИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ВОНТЕЛЕСНО ОПЛОДУВАЊЕ“ ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука донесена на 35. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од 23.4.2021 година, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Компаративна анализа на клиничкиот потенцијал и безбедност на различни тригери на финалната ооцитна матурација кај пациентки со ризик од појава на синдромот на хиперстимулација во процесот на вонтелесно оплодување“ пријавена и изработена од кандидатката д-р Емилија Петановска-Костова, во состав:

- **проф. д-р Глигор Димитров** – претседател
- **проф. д-р Светлана Јовевска** - член, ментор
- **проф. д-р Јасмина Поповиќ** – член, екстерен ментор
- **проф. д-р Јорго Бабушку** – член
- **проф. д-р Милка Здравковска** – член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација со наслов „Компаративна анализа на клиничкиот потенцијал и безбедност на различни тригери на финалната ооцитна матурација кај пациентки со ризик од појава на синдромот на хиперстимулација во процесот на вонтелесно оплодување“ од кандидатката д-р Емилија Петановска-Костова претставува самостоен оригинален научноистражувачки труд, презентирана на 124 страници, со фонт и проред според пропозициите за изработка на докторски труд согласно со Правилникот за трет циклус на студии на УГД. Во дисертацијата се прикажани вкупно 7 слики, 56 табели, 20 графикони и 98 референци. Трудот ги содржи следниве поглавја: Резиме на македонски и на англиски јазик, Вовед, Мотив, Преглед на литературата, Цели на истражувањето, Материјал и методи на работа, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература.

Во поглавјето **Вовед** кандидатката ја презентира дефиницијата на стерилитетот како непостигнување на бременост при слободни сексуални односи кај еден пар во времетраење од една година. Вонтелесното оплодување - IVF (In vitro fertilization) кое е дел на асистираната репродукција е во функција на решавање на стерилитетот. Под дефиниција за вонтелесно оплодување (IVF) се подразбира процесот каде што ооцитите се фертилизираат со сперматозоиди надвор (in vitro) од телото на мајката и добиените ембриони понатаму се враќаат во матката на мајката. Во процесот на вонтелесното оплодување има неколку фази и тоа: контролирана оваријална стимулација (Controlled ovarian stimulation COS), култивација на ембрионите и ембриотрансфер, односно враќање на ембрионот во матката на мајката. Целта на вонтелесното оплодување е да се добијат што поквалитетни ембриони и добра рецептивност на ендометриумот за да настане бременост од една страна, а да се избегне синдромот на хиперстимулација и секако повеќеплодната бременост како најчести компликации од вонтелесното оплодување. Во **Преглед на литературата** низ три поглавја и четиринаесет потпоглавја експлорирана е литературата која ја анализира тематиката на тригерите на финалната ооцитна матурација кај пациентки со ризик на појавата на синдромот на хиперстимулација, која е и главна опсервација и анализа на дисертацијата. Есенцијална задача на контролираната оваријална стимулација е да се добие кохорта на одлично димензионирани фоликули од кои понатаму во процесот на вонтелесното оплодување ќе се добијат ооцити со висок квалитет

(цитоплазматична и нуклеарна матурација) како еден од предусловите за добивање висококвалитетни ембриони со одличен потенцијал за имплантација. Од друга страна, важно е да се избегне синдромот на хиперстимулација (OHSS) како една од најсериозните јатрогено предизвикани компликации од постапката како резултат на силината на самата оваријална стимуалција и апликација на хуманиот хормон гонадотропин (5000-10000 IU hCG) како тригер на финалната ооцитна матурација. Евидентиран е сигнификатен пад во инциденцата на појава на хиперстимулација кога се започна со употреба на антагонистички протокол на контролираната оваријална стимулација и употреба на GnRH агонист како тригер на финална ооцитна матурација. Меѓутоа, при употреба на овој протокол инцијалните студии детектираа пониска стапка на клиничка бременост и повисока стапка на рано изгубени бремености од вонтелесното оплодување како резултат на дефектна лутеална фаза. За да се подобрат параметрите од ин витро постапката еден од алтернативните пристапи е апликација на адиционална ниско дозирана болус доза на hCG (1500IU) со цел да се постигне адекватна лутеална поддршка. Антагонистичкиот протокол со GnRh-а како тригер на финалната ооцитна матурација и апликација на ниска адиционална болус доза hCG (1500 IU) 35 – 36 часа по давање на тригерот е веќе етаблиран протокол кој ефикасно јареститура лутеалната инсуфициенција која иницијално беше проблем кај овој тип на тригер. Одредени студии пак термински ја антепонираат ниската адјувантна доза на hCG, односно ја аплицираат на ден на тригерирање на финалната ооцитна матурација со GnRh-а, со одлични резултати по однос на финалниот ауткам од вонтелесното оплодување гледано во повисока стапка на имплантација на ембрионите и повисока стапка на клиничка бременост од една страна, а од друга страна е коректна безбедност по појавата на синдромот на хиперстимулација. Овој протокол така наречен ДУАЛ ТРИГЕР ги соединува двата позитивни ефекти: ендогениот пик на FSH и LH кај агонистот кои се важни за матурацијата на ооцитот и продолженото дејство на ниската доза на hCG во матурацијата на истиот и лутеална поддршка на ендометриумот.

Кандидатката во оваа дисертација, покрај веќе докажаната хипотеза дека мала доза на hCG реституира дел од лутеалната функција, дава одговор на прашањето дека малата доза на hCG на ден на агонистичкиот тригер (DUAL TRIGER) ќе даде подобар квантитет и квалитет на јајните клетки како предуслов за понатамошно зголемување на можноста да се добијат квантитативно и квалитативно подобри ембриони со тенденција за покачување на стапката на бременост. Апликација на ДУАЛ ТРИГЕР со комбинација на техниката на „freeze all" дополнително го намалува ризикот од појавата на хиперстимулација. Ова размислување е поткрепено и со студии кај нормореспондери, односно пациентки кои немаат ризик од OHSS, апликацијата на ДУАЛ ТРИГЕР со агонист и со доза на hCG од 5000 I.U, во однос на стандардната тригер доза од 10 000 I.U на hCG донесува подобар квантитет и квалитет на јајните клетки и подобри резултати од вонтелесното оплодување. Целта е во секојдневната пракса да се добие што поефикасен протокол од една страна, а од друга страна да се намали ризикот од синдромот на хиперстимулација. Овој пристап е мошне важен кај пациенти кои инсистираат на ембриотрансфер во истиот циклус од какви било причини, економски, верски и други. Од друга страна, новите студии докажуваат и одредени ризик-фактор кај примената на техниката на „freeze all", како што се сигнификантно повисока инциденца на појава на преклемпсија, епигенетски импакт, како и други компликации во тек на бременоста. Овие нови можности за унапредување на антагонистичкиот протокол се главен мотив за изработка на студијата.

Во поглавјето **Цел на студијата** преку јасно дефинирани параметри на истражувањето е објаснета интенцијата да се компарира клиничката ефикасност, но и безбедноста на двата протоколи кај пациентките со силен одговор на контролирана оваријална стимулација и ризик за појавата на синдромот на хиперстимулација (OHSS). Првиот протокол е апликација на адјуванта ниска доза на хорионгонадотропин 1500 IU hCG на денот на апликација на агонисот GnRH-а како тригер на ооцитна матурација, и тоа 3 - 4 часа по апликација на агонистот (GnRh-а), (протокол А), а вториот е адјуванта ниска доза на 1500 I.U. на hCG, 35 – 36 часа по апликацијата на GnRH-а, како тригер на ооцитната матурација, односно на денот на аспирација на фоликулите и колекција на ооцитите

(протокол Б). Кај двете групи беа аплицирани двата протоколи на ембриотрансфер и тоа: ембриотрансфер во истиот циклус „fresh" ембриотрансфер и „freeze all" техника со сегментација на ембриотрансферот кај пациентките кои имаа висок ризик за појава на хиперстимулација. Циклусите со сегментација на ембриотрансферот влегоа во анализа како ембриотрансфери на замрзнати ембриони (FET), исто како и последователните FET трансфери каде што вонтелесното оплодување првично завршило со ембриотрансфер, но беше анализирана само една постапка на процесот на контролирана оваријална стимулација по пациентка, а FET трансферите беа од истиот циклус на контролирана оваријална стимулација.

Клиничката ефикасност и безбедност се анализираше преку:

**A.** Примарни параметри на клиничката ефикасност и безбедност
- Кумулативна стапка на клиничка бременост
- Кумулативна стапка на бременост до полна 12-та гс
- Кумулативна стапка на раѓање на живо дете
- Стапка на појава на синдромот на хиперстимулација.

**B.** Секундарни параметри на клиничка ефикасност
- Просечен број на ооцити и зрели ооцити добиени со аспирација на фоликулите
- Кумулативна стапка на фертилизација и имплантација
- Кумулативниот квантитет и квалитетот на добиени ембриони и трансферирани ембриони.

Работната хипотеза која се докажуваше во оваа дисертација е дека ДУАЛ ТРИГЕР (1500IU hCG) тајмиран 3-4 часа по апликација на GnRh-а како тригер, кај ембриотрансфер во истиот циклус (fresh transfer), но и комбиниран со техниката на комплетно замрзнување на сите ембриони и сегментација на ембриотрансферот кај пациентите со многу висок ризик за појава на синдромот на хиперстимулација е поефикасен приод во поглед на квалитетот на јајните клетки и ембрионите кои потоа ќе бидат трансферирани, а има респектабилно безбеден пристап и низок ризик за појава на синдромот на хиперстимулација во однос на веќе етаблираниот протокол на АГОНИСТ ТРИГЕР и 1500 IU hCG аплициран 35-36 часа после, како лутеална поддршка.

Во поглавјето **Дизајн на студијата, пациенти и методологија** преку 8 потпоглавја се дескриптивно изнесени сите релевантни податоци за анализа во дисертацијата. Студијата беше дефинирана како лонгитудинална кохортна студија и беше спроведена во одделот Центар за асистирана репродукција и ин витро фертилизација, кој е дел од Прва приватна општа болница „Ремедика" - Скопје, Северна Македонија. Главниот аналитички дел на истражувањето беше реализиран како *case control* студија. Во студијата беа вклучени пациенти кои го реализираа вонтелесното оплодување, а кои ги поминаа иницијалните инклузиони критериуми за влез во студијата во период од 1.1.2017 до 31.12.2019 година. Финалната рандомизација на пациентките која беше спроведена на денот на апликацијата на тригерот на финална ооцитна матурација беше по случаен избор и одобрена од пациентите со почитување на еквивалентност на базалните категории како: БМИ, возраста, пушачкиот статус, квалитетот на семенскиот материјал и секако проценка на степенот на ризик за појавата на синдромот на хиперстимулација.

**Основни критериуми за влез во групата:**
- Барем еден циклус без никаква терапија во поглед на решавањето на инфертилитетот пред почеток на терапијата;
- Нормален утерус и оваријуми детектирани со 2D, 3D ултразвук;
- Пациентките кои учествуваат во истражувањето се со свои ооцити;
- Возраста на пациентките е од 18 до 39 години;
- Број на антрални фоликули (AFC) над 12 антрални фоликули детектирани со вагинална ултрасонографија (богати нормореспондери, полицистични јајници (PCO) и пациентки со морфологија на PCOM);
- АМН $\geq$ 3,3 pg/ml;
- Протоколот на контролирана оваријална стимулација (COS) – краток антагонистички;
- Ист тригер на ооцитна матурација кај двете групи - GnR-h агонист;

- Кај сите пациентки иста постапка за ин витро фертилизација – ICSI интрацитоплазматична инсеминација;
- Суплементација по ембриотрансфер иста за сите пациентки: естрадиол, прогестерон, фолна киселина;
- Само првиот циклус на COS во тој период;
- Последователните ембриотрансфери на замрзнати ембриони добиени од истата контролирана оваријална стимулација беа инкорпорирани во анализата.

**Финални критериуми за влез во анализата**:

- Над 14 фоликули со најмал дијаметар од 12 мм на ден на тригер.

**4.5. Критериуми и одлука за сегментација на ембриотрансферот:**

- Пик естардиол Е2 ≥4000 pg/ml;
- Добиени ≥18 ооцити на денот на пункција и аспирација на фоликулите;
- Ултразвучни знаци за појава на синдромот на хиперстимулација како: поголема количина на течност во малата карлица, сигнификантно зголемен дијаметар на јајниците;
- Клинички и биохемиски знаци за рана појава на синдромот на хиперстимулација;
- Податок за среден – тежок или тежок степен на хиперстимулација во претходен обид;
- Екстремно низок BMI со млада возраст на пациентката.

Статистичката анализа на податоците добиени од истражувањето беше направена во статистичката програма SPSS 23,0. Kolmogorov-Smirnov тест и Shapiro Wilk's test беа користени за тестирање на нормалноста на дистрибуцијата на податоците. Категориските (атрибутивни) варијабли се прикажани со апсолутни и релативни броеви. Нумеричките (квантитативни) варијабли се прикажани со просек, стандардна девијација, минимални и максимални вредности, медијална вредност и интерквартилен ранг. За компарирање на двата протоколи на апликација на тригерот, како и за споредување на другите групи формирани за остварување на целите на истражувањето во однос на анализираните варијабли, беа користени непараметарски и параметарски тестови за независни примероци (Fisher exact test, Chi-square test, Student t-test for independent samples и Mann-Whitney test). Статистичката сигнификантност беше дефинирана на ниво на p<0.05.

Во поглавјето **Резултати** кандидатката сите добиени резултати од интерес ги прикажува прегледно и систематизирано во 56 табели и 20 графикони, со јасно интерпретирање на направените анализи. Во истражувањето се вклучени 231 пациентки, односно парови кои реализирале постапка на вонтелесно оплодување. Генерално групата ја конципираа млади пациентки (просечна возраст од 31.3 ± 3.3 години), немаше сигнификантност после стратификација помеѓу двете групи по однос на возраста ( 31.6 ± 2.9 vs 31.1 ± 3.5; дуал тригер vs агонист тригер), што го минимизира импактот на возраста врз квалитетот на добиените јајни клетки. Од друга страна, пациентките имаа силна оваријална резерва (AM 6.68 ± 3.9 ); (AFC : хипереспондери 68.83%; PCO 36.79%), што ја прави групата ризична по однос на појавата на синдромот на хиперстимулација. Стапката на имплантација беше повисока во групата на ембриотрансфер со бластоцисти 41.28 ± 39.5% за разлика од ембриотрансфер на 3 -ти ден. Стапката на живородени изнесуваше 51.1%. Во студијата двете групи не покажаа сигнификатна разлика по однос на параметрите кои можат адиционално да имаат негативен импакт врз крајниот исход од вонтелесното оплодување, како возраста на пациентките, оваријалната резерва, BMI, пушачкиот статус (мажите кои се пушачи сигнификантно беа побројни во групата на дуал тригер), времетраење на стерилитетот, претходни ин витро обиди, како и квалитетот на машкиот фактор). Истражувањето покажа дека кај групата на пациентки со висока оваријална резерва (богати нормореспондери и хипереспондери), двата протоколи имаат коректен ауткам по однос на резултатите од вонтелесното оплодување, а се со низок ризик по однос на појавата на синдромот на хиперстимулација.

Во дисертацијата се компарирани исти адјувантни дози на hCG од 1500 UI со различен тајминг на апликација. Едната група оваа адјувантна доза ја доби на ден на

GnRh-а тригер како дуал тригер, додека втората група оваа доза ја доби на денот на аспирација на ооцитите односно како лутеална поддршка. Во оваа студија која е прва опишана компарација на исти дози на адјувантен hCG, подигањето на адјувантната доза на 1500UI HCG во дуал тригерот донесе сигнификантно повисока стапка на фертилизација и имплантација во споредба со агонист тригер и лутеална поддршка со 1500UI HCG. Оваа предност резултираше со сигнификантно подобри крајни резултати од вонтелесното оплодување гледано во сигнификантно повисоката стапка на бременост (79.65% vs 62.71%, p>0,05), бременост над 12 гс. (65.49% vs 45.76%, p>0,05) и стапка на живородени (60.18% vs 42.38, p>0,05). Резултатите се во прилог на ефикасноста на оваа адјуванта доза аплицирана во дуал тригер протоколот наспроти адјуванта доза на hCG како лутеална поддршка. Во прилог на тезата дека дуал тригер го подобрува квалитетот на ооцитите и нивниот фертилен и имплантационен потенцијал е нашата анализа на резултатите добиени кај групата на „freeze all" и сегментација на ембриотрансферот, со цел избегнување на појавата на хиперстимулација. Беше добиена сигнификантно повисока просечна стапка на имплантација во групата со дуал тригер (56.13 ± 37.7 % vs 21.15 ± 33.3%), како и сигнификантно повисока просечна стапка на имплантација на бластоцисти (49.63 ± 36.1% vs 24.25 ± 32.9%), просечно повеќе бластоцисти беа трансферирани во групата на агонист тригер. Стапката на позитивен тест на бременост во оваа група беше сигнификантно повисока кај пациентките со апликација на дуал тригер споредено со агонистички тригер (83.9% vs 54.55%); p<0.05). Бременост над 12-та недела и клиничка бременост, исто така сигнификантно почесто беше детектирана кај пациентките со дуал тригер (71% vs 36.4% p< 0.05 и (77.4% vs 40.9%, p<0.05), соодветно. Пациентките со дуал тригер имаа сигнификантно повисока стапка на раѓање живо новородено од пациентките со агонист тригер (61.3% vs 31.8% p<0.05). Во студијата не се најде сигнификанта статистичка разлика по однос на просечниот број на ембриони по сите градации (број на бластомери, симетричност на бластомерите, фрагментацијата) до 5-тиот ден на развој на ембрионите. И ако статистички не сигнификантно во групата на агонистички тригер имаше повисок просек на добиени ембриони во стадиум на Г1 (одлични) на трети ден (1.96 ± 1.5 : 1.34 ± 1.0 p>0,05), во споредба со дуал тригер групата (таб. 46-49). Овој наод оди во прилог на наодите од студиите дека кај агонистичкиот тригер се забележува побрза морфокинетика на ембрионите. Се уште не постои јасен консензус во однос на кој морфолошки дел од ембрионот има поголема предиктивна вредност во однос на зголемена стапка на имплантација, стапка на клиничка бременост и живородени, но се поголем е бројот на студии кои докажуваат дека трофектодермот е тој којшто е директно поврзан и одговорен за имплантација. Анализирајќи ја градацијата на квалитетот на бластоцистата од аспект на нумеричката експанзија, внатрешната маса и експанзија на трофоектодермот во систем на одлични, добри, просечни и лоши бластоцисти, зголемена стапка на клиничка бременост и стапка на живородени има кај ембриотрансфери на одлични ембриони. Но интересно е дека и двете стапки се подобри кај ембриони кај кои трофектодермот морфолошки е со највисока оценка, додека степен на експанзија на ембрионот и анализата на внатрешната маса не играат толкава улога, но сепак се значајни.

Во градацијата на трансферираните бластоцисти, групата на одлични бластоцисти имаше сигнификантно повеќе клинички бремености. Кај пациентките со дуал тригер имаше процентуално сигнификантно повеќе трансфери на одлични или барем една бластоциста со одличен квалитет (дуал тригер : агонист тригер – барем еден одличен бластоцист : 30.56% : 21.54%; сите одлични 31.94% : 23.08% p<0.05). Овие резултати одат во прилог на наодите од студиите за важноста на трофоектодермот во имплантацијата.

Во поглавјето **Дискусија** кандидатката исцрпно ги образложува добиените резултати и ги споредува со податоци од достапната литература која е од интерес за истражувањето

Во поглавјето **Заклучок** беа прикажани финалните заклучоци од компарацијата на двата типа на тригери на финалната ооцитна матурација.

Резулатите покажаа дека двата протоколи се безбедни од аспект на појавата на синдромот на хиперстимулација (OHSS). Нивото на естрадиолот ≥ 4000 pg/ml и/или добиени 18 и повеќе ооцити на ден на пункција беа безусловни критериуми за апликација

на „freeze all" техниката, понатаму пациентките со претходна хиперстимулација и пациентките со млада возраст и низок BMI влегоа исто така во оваа група, генерално заедно со првите два критериуми. Резултатите се во линија на студиите кои говорат дека малите адјуванти дози на hCG се безбедни по однос на појавата на хиперстимулација, а го подобруваат ауткамот од вонтелесното оплодување.

По однос на квантитет на добиените јајни клетки и ембриони немаше сигнификантна разлика помеѓу двата протоколи, но дуал тригер даде повисока стапка на фертилизација во компарација со агонист тригер. Оваа предност на дуал тригер финишираше со подобра компетенција на добиените ембриони од ооцитите од овој тригер што се виде во сигнификантно повисоката стапка на имплантација и секако и во сигнификантно повисока стапка на бременост и раѓање на живородено. Бластоцитите добиени со дуал тригер имаа подобар трофоектодерм и беа во просек повеќе во групата на одлично оценети бластоцити и секако имаа повисока стапка на имплантација. Нуклеарната матурација е силно супортирана и јасно се гледа со ковенционалните методи но студиите ин витро зборуваат за иматурност на цитоплазмата како последица на оксидативниот стрес, што прави одреден квантум на ооцити кај овој вид на тригер со помала компетенција на имплантација. Специфичното тајмирање на hCG во дуал тригер групата дава доволно време агонистот да го провоцира ендогениот пик на LH кој е докажано во студии дека временски кај овој вид на тригер е 4 часа, а потоа оди апликацијата на ниска доза на hCG за да ја продолжи матурацијата на ооцитите и да ги направи по компетентни. Овој протокол е клинички поапликабилен од досега етаблираниот протокол на агонист тригер и адиционална поддршка на hCG заради подобриот ауткам кај вонтелесното оплодување, а е безбеден по појавата на синдромот на хиперстимулација.

Во поглавјето **Библиографија** се евидентирани 98 референци кои се во функција на согледување на опсервацијата и компарацијата на оваа докторска дисертација.

**Научен придонес на докторската дисертација**

Антагонистичкиот протокол со GnRh-а како тригер на финалната ооцитна матурација и апликација на ниска адиционална болус доза hCG (1500 IU) 35 – 36 часа по давање на тригерот е веќе етаблиран протокол кој ефикасно јареституира лутелната инсуфициенција која иницијално беше проблем кај овој тип на тригер кај пациентки со ембриотрансфер во истиот циклус на вонтелесно оплодување (fresh transfer). Во случаи на висок ризик јасно е дека антагонистичкиот протокол со GnRh-а како тригер на финалната ооцитна матурација и замрзнување на сите ооцити или ембриони (freeze all), во актуелниот циклус и сегментација на ембриотрансферот, моментално е најбезбеден протокол по однос на појава на синдромот на хиперстимулација (OHSS). Одредени студии пак детектираат субоптимален одговор кај одреден процент од пациентките тригерирани со агонист.

Оваа дисертација покажува дека терминското антепонирање на ниската адјувантна доза на hCG, аплицирана на ден на тригерирање на финалната ооцитна матурација со GnRh-а, донесува подобри резултати по однос на финалниот ауткам од вонтелесното оплодување гледано во повисока стапка на имплантација на ембрионите и повисока стапка на клиничка бременост од една страна, а од друга страна е безбеден по појавата на синдромот на хиперстимулација. Овој протокол така наречен ДУАЛ ТРИГЕР ги соединува двата позитивни ефекти: ендогениот пик на FSH и LH кај агонистот кои се важни за матурацијата на ооцитот и продолженото дејство на ниската доза на hCG во матурацијата на истиот, со резултат на добивање на покомпетентни ооцити и понатаму ембриони со подобра компетенција за имплантација. Овој протокол (ДУАЛ ТРИГЕР) е апликабилен во секојдневната пракса секако со напомена за апликација на „freeze all" техника каде што постои екстремно висок ризик од појавата на хиперстимулација (E2 ≥ 4000pg/ml и/или добиени 18 и повеќе ооцити на ден на пункција) како безусловни критериуми за апликација на „freeze all" техниката.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Д-р Емилија Петановска-Костова по запишувањето на докторските студии, а пред одбраната на докторската дисертација има објавено како автор и коавтор три научни труда

во реномирани списанија со фактор на влијание (impact factor) и два труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

**З А К Л У Ч О К  И  П Р Е Д Л О Г**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Компаративна анализа на клиничкиот потенцијал и безбедност на различни тригери на финалната ооцитна матурација кај пациентки со ризик од појава на синдромот на хиперстимулација во процесот на вонтелесно оплодување“ од кандидатката д-р Емилија Петановска-Костова и донесе заклучок дека истата претставува самостоен научен труд, со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги исполнува сите условите за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Компаративна анализа на клиничкиот потенцијал и безбедност на различни тригери на финалната ооцитна матурација кај пациентки со ризик од појава на синдромот на хиперстимулација во процесот на вонтелесно оплодување“ од кандидатката д-р Емилија Петановска-Костова и да и одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Глигор Димитров,** претседател, с.р.
**Проф. д-р Светлана Јовевска,** член, ментор, с.р.
**Проф. д-р Јасмина Поповиќ**– член, екстерен ментор, с.р.
**Проф. д-р Јорго Бабушку** – член, с.р.
**Проф. д-р Милка Здравковска** – член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ДЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА - СКРИПТА"**
**ОД АВТОРОТ ДОЦЕНТ Д-Р САЊА НАШКОВА,**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-116/18 од 257. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД – Штип, одржана на 27.4.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Снежана Иљовска,** редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, специјалист по детска и превентивна стоматологија;
– **д-р Цена Димова,** редовен професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, специјалист по орална хирургија

за изготвување на извештај, рецензија за скрипта, на приложениот ракопис **„ДЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА - СКРИПТА**" од доц. д-р Сања Нашкова, наменет за студентите на прв циклус стручни студии на Студиската програма Забен техничар - протетичар, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов **„Детска стоматологија - скрипта**" е предвиден како наставно помагало по предметот Детска стоматологија, задолжителен предмет на Студиската програма за забен техничар - протетичар, со 2+0+0 неделен фонд на часови, 3 кредити и се слуша во шести семестар, односно трета година. Предложениот ракопис целосно содејствува со наставната програма и теоретските наставни содржини, кои се акредитирани за предметот Детска стоматологија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Предлог ракописот „Детска стоматологија - скрипта" е на 110 страници, категоризиран во дванаесет поглавја, со 90 нумерирани фотографии за подобро и поедноставно прифаќање на наставните содржини. Приложениот ракопис, во целост одговара според обемот на наставната програма и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Потребата од создавање на вакво учебно помагало – скрипта е во релација со недостигот на соодветен наставен материјал, конкретно за студентите од стручните студии на забен техничар - протетичар. Паралелно со неа беше оформен и практикум, кој студентите ќе може да го користат за добивање на први и базични искуства од оваа област.

**Краток опис на содржината:**

Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја генерално е распределена во дванаесет поглавја.

Во првото поглавје ***Вовед во детската стоматологија. Психолошки типови на деца*** авторката дава краток осврт на историскиот развој на детската стоматологија, како и на поделбата на децата според нивното однесување во стоматолошка ординација, со цел препознавање од страна на стоматологот и поголем успех во работата.

Второто поглавје се однесува на ***Развој на забите и орофацијалната шуплина*** и во него авторката се задржува на пренаталниот и постнаталниот раст и развиток на поединечните забните ткива, како еден сложен процес поврзан со формирањето на околните структури на орофацијалниот систем.

Следното трето поглавје е ***Карактеристики на детските заби и вилици. Хронологија на никнување на млечни и трајни заби*** - ги елаборира морфолошките и хистолошките карактеристики на млечните заби во однос на трајните заби, како и времето на никнување на забите од млечна и трајна дентиција.

Во поглавјето ***Кариес на млечни заби. Циркуларен кариес на млечни заби*** авторката се задржува на денталниот кариес, степенот на прогресија на кариесот во млечната дентиција и го опишува специфичниот облик на кариес на млечни заби, циркуларен кариес заедно со начините за негово згрижување.

Понатаму во ракописот се надоврзува ***Терапија на кариес кај млечни заби,*** при што се опишани специфичностите и тешкотиите во терапијата на кариес на млечни заби, со посебен осврт кон различните видови на кариесни лезии на млечните заби и чекорите во терапијата кај секој од нив.

Следното поглавје со наслов ***Материјали за оптурација на кавитети при млечни заби*** ги опфаќа најчестите и најефикасните современи стоматолошки материјали кои можат да се применат на заболените заби, со цел да се воспостави природниот облик на забите, оклузионо-артикулационите односи, да се поврати функцијата на забот и естетскиот изглед.

Во поглавјата кои понатаму следуваат: ***Пулпити на млечни заби. Пародонтити на млечни заби, Неправилности во развојот на забите, Структурни аномалии*** авторката ги опишува причините кои доведуваат до патолошки промени на пулпата и периапикалните ткива, заболувањата кои можат да ја зафатат забната пулпа и нивната поделба, причините поради кои доаѓа до заболување на периапикалните ткива, нивната поделба и начините за нивно санирање. Опишани се различните видови на неправилности во развојот на забите настанати под дејство на различни фактори, нивното манифестирање на млечната и трајната дентиција заедно со неправилностите во структурата на забите. Ги опишува причините поради кои настануваат и промените кои ги предизвикуваат на забите.

Следните две поглавја: ***Дентална трауматологија, Патологија на меките ткива во детска возраст*** се запознавање со денталните повреди, причините поради кои најчесто настануваат, како се поделени во зависност од ткивата кои ги зафаќаат и начините за нивно згрижување. Патологија на меките ткива во детска возраст ги опфаќа повредите кои можат да ги зафатат меките ткива во оралната празнина, со посебен осврт кон повредите на оралната слузница, заболувањата на усните и јазикот заедно со нивните специфичности, заболувањата кои можат да ја зафатат гингивата и потпорниот апарат на забите.

Во дванаесеттото поглавје авторката ја обработува ***Интерцептивна и протетска рехабилитација во детска возраст,*** со опишување на протетската рехабилитација во детска возраст, специфичностите на протетското згрижување во времето на млечни и трајни заби, со цел функционална и естетска рехабилитација на изгубените забни ткива.

Присуството на голем број на слики, како и едноставниот стил на презентација на специфичната стручна материја, на авторката во ракописот, овозможува на лесен, разбирлив и концизен начин да се совладаат и научат базичните теоретски елементи по предметот Детска стоматологија.

**ЗАКЛУЧОК**

Предложениот ракопис за скрипта „Детска стоматологија - скрипта" на систематичен, едноставен и пристапен начин ги елаборира теоретските наставни единици кои на студентите на забен техничар - протетичар ќе им овозможи лесно, концизно и едноставно совладување на теоретските содржини по предметот Детска стоматологија. Содржините кои се опфатени во него ќе дадат голем придонес во текот на едукацијата и ќе обезбедат студентите на забен техничар - протетичар да се здобијат со базични елементарни познавања за детската стоматологија, која е и основа на нивните студии.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство му препорачуваме на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „Детска стоматологија - скрипта" од доцент д-р Сања Нашкова како учебно помагало – скрипта.**

**Рецензенти**

**Д-р Снежана Иљовска,** редовен професор, с.р.
**Д-р Цена Димова**, редовен професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно - научниот совет на докторски студии на кампус 3**

| КАМПУС 3 | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| | 1. Примена на електродните механизми на површинско активни системи во аналитика на лекови – теоретска и експериментална студија во услови на квадратно волтометрија<br>На англиски: Application of electrode mechanism of surface active systems in drug analysis – Theoretical and experimental study in square – wave voltammetry | 0206-298/4 од 7.5.2021 г. | Интерен ментор – Проф. д-р Рубин Гулабоски<br><br>Екстерен ментор – Проф. д-р Андрија Шмелцеровиќ | Милкица Јанева |
| | 2. Теоретска и експериментална студија за примена на електрохемиски регенеративни електродни механизми во аналитиката на лекови во услови на циклична скалеста волтометрија<br>3. На англиски: Theoretical and experimental study on application of electrochemical regenerative electrode mechanism in drug analysis under conditions of cyclic staircase voltammetry | 0206-298/3 од 7.5.2021 г. | Интерен ментор – Проф. д-р Рубин Гулабоски<br><br>Екстерен ментор – Проф. д-р Андрија Шмелцеровиќ | Софија Петковска |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | 1. Влијанието на мотивацијата врз компонентите на оперативното ниво на менаџментот | 1202-65/7 од 5.5.2021 г. | Проф. д-р Еленица Софијанова | Радмила Стојанов |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ** | 2. Предучилишниот курикулум во системот на предучилишното образование во Шведска | 1602-55/3 од 8.4.2021 г. | Проф. д-р Кирил Барбареев | Зорица Никова Цингулоски |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 3. Осигурување од професионална (граѓанско – правна) одговорност на носителите на правни професии со осврт на адвокати, нотари и извршители | 1102-59/5 од 13.5.2020 г. | Вон. проф. д-р Марија Амповска | Валентина Данилова |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | 4. Влијанието на осветлувањето во дизајнот на ентериер | 1702-52/15 од 8.2.2021 г. | Проф. д-р Петар Намичев | Анита Трајкова |
| | 5. Имплементирање на радиофреквентната идентификација (RFID) за следење на транспортираната амбалажа во трговските синџири на снабдување | 1702-69/3 од 10.3.2021 г. | Проф. д-р Зоран Десподов | Јованка Каролоска |
| | 6. Управување со безбедноста во рудници со подземна експлоатација низ позитивните примери на Рудник „Саса“ | 1702-59/20 од 8.2.2021 г. | Проф. д-р Дејан Мираковски | Станќе Тасковски |
| | 7. Одредување на оптимална количина на залихи и нивно управување | 1702-52/4 од 9.2.2021 г. | Проф. д-р Мирјана Голомеова | Цветанка Панова |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

| Примено: 29.04.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 1105- | 66/2 | | |

**До:**

**Правен факултет – Штип,**

**Универзитет „Гоце Делчев" во Штип**

**Од:**

**М-р Мартина Глигорова**

кандидатка пријавена на објавениот конкурс

на Правниот факултет во Штип

од 05.03.2021 година,

за избор на асистент од научната област

граѓанско право

Врз основа на член 34 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставнонаучни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип", усвоен од Универзитетски сенат (број на седница: 152, датум: 28.9.2018 година, број на седница: 160, датум: 13.5.2019 година, број на седница: 166, датум: 30.10.2019 година и број на седница: 169, датум: 7.2.2020 година), поднесувам

## ПРИГОВОР

**на Рефератот за избор на соработник во звање асистент за научната област граѓанско право на правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, објавен во Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, бр. 274, од 15.04.2021 година.**

Почитувани членови на Рецензентската комисија за избор на соработник во звање асистент за научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, чиј конкурс за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на ден 5.3.2021 година, Почитувани членови на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Штип, **Приговарам на Извештајот на Рецензентската комисија за избор соработник во звање асистент за научната област граѓанско право (50803)**, а конкретно на заклучокот и предлогот за давање предност на кандидатката м-р Ана Здравева за избор на соработник во звање асистент за научната област граѓанско право.

Со овој Приговор го оспорувам предлогот за избор на соработник во звање асистент за научната област граѓанско право на погоре споменатата кандидатка, сметајќи го за ништовен поради причината за преферирање на кандидатката м-р Здравева, а воедно

причина за моето одбивање. Согласно меѓународната Фраскатиева класификација, насоката на кадидатката воопшто не е соодветна, поткрепено со темата на магистерската теза, како и необјективноста во степенот на исполнетост на посебните услови за избор предвидени во член 16 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставнонаучни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип".

Воедно, нагласувам и за пропустите и грешките кои се направени во самиот Реферат, а се однесуваат на моите фактички податоци за образованието, каде подолу ќе ги образложам.

Истовремено, барам преиначување на предлогот за избор, од причина што сметам дека релевантните критериуми и услови за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања уредени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставнонаучни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип", во споредба со моите достигнувања, се на минимално ниво, а воочлив е фактот што на очигледно послабата кандидатка и е дадена предност.

Согласно со **член 164 од Законот за високото образование**, критериуми за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања, врз основа на кои потоа се пропишуваат општите и посебните услови за избор, се: **1. стекнато образование, 2. резултати од научноистражувачка работа, 3. резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок и 4. стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност.** Овие критериуми понатаму се операционализирани и во член 16 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставнонаучни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип", кои ги уредуваат посебните услови за избор во звање.

Во продолжение, се осврнувам кон претходно наведените критериуми поединечно, споредувајќи ги моите професионални постигнувања и резултати со професионалните постигнувања и резултати на предложената кандидатка за избор.

Образованието кое го стекнувам на прв циклус – додипломски студии е Дипломиран правник на Правниот фаултет „Јустинија Први" при УКИМ, во 2014 година. Вториот циклус на студии го завршувам 2017 година, а во јануари 2018 година се заокружува процесот, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Политиката на Европската Унија за медиумска писменост версус Република Македонија" на Правниот фаултет „Јустинија Први" при УКИМ. Тука наведувам дека се сторени пропусти во Рефератот, каде се дадени неточни податоци за времето и местото на реализација на магистерските студии. Воедно, во заклучокот и предлогот наведувате дека јас не го исполнувам условот предвиден со член 170, став 1, точка 2 од Законот за високото образование и Конкурсот за избор на наставници, соработници и стручен соработник на единиците во состав на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, односно цитирам „...има стекнато назив магистер од друга, несоодветна област (магистер по право од областа на меѓународното право и

односи и право на ЕУ)". **Тука, го поставувам прашањето дали областа на преферираната кандидатка м-р Здравева е соодветна?** Согласно меѓународната Фраскатиева класификација, насоката на кадидатката воопшто не е класифицирана во делот на Правни науки. Тука е симптоматично и акцентирањето во повеќе наврати во Реферерот дека насоката Правосудна насока во себе ја опфаќа граѓанската научна област, согласно содржината на самата студиска програма. Факт е дека дополнителното објаснување за насоката и наведената причина дека токму поради тоа таа е избрана за асистент во научната област, **воопшто не ја става во поповолна состојба предложената кандидатка, бидејќи називот на насоката е Правосудна насока, а не Граѓанско право (50803)** како што гласи конкурсот. Оттука, сосема е јасно и недвосмислено дека кандидатката м-р Здравева е во иста положба како мене. Очигледно, правосудната насока може да се толкува во секоја смисла, па така кандидатката парадоксално можеби би била и погодна за апликација на друга научна област. Но, иронијата да биде поголема, темата на која предложената кандидатка магистртира е „Корупцијата во високото образование". Како што наведувате во Реферерот, „...Целта на трудот е да се даде краток осврт на корупцијата во општеството и корупцијата во високото образование, како и да се елаборира нејзината феноменолигија и етиологија во високото образование. Во трудот се анализираат законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа тематика. Во магистерскиот труд е елаборирана содржината на антикорупциските одредби во сферата на високото образование и е направена анализа на потенцијалот на домашното законодавство за борба против корупцијата". **Темата на мигистерскиот труд е сосема различна од она што опфаќа граѓанското право и комотно може да се подреди под материјата – казнено и антикорупциско право.** Повторно, овој факт од комисијата е занемарен. **Ова се одлучувачки елементи кои се наведени во заклучокот и предлогот, а не ја опфаќаат предметната материја.** Парадоксално е како е возможно да се преферира лице со образложение да научната област е соодветна, а доколку се прегледа насловот на магистерската теза и називот на насоката – тоа е нерелевантно.

Воедно, за споредба, по моето магистрирање, во учебната 2020 година ги запишав студиите на трет циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ, што уште повеќе говори за мојата континуирана, сериозна определеност и целна ориентација кон научноистражувачката работа, додека пак за кандидатката м-р Здравева, нема таков податок во Реферерот. Исто така, во 2018 година, сум целосен стипендист ("GEOFFREY NICE FOUNDATION" од Хаг) на престижниот мастер курс "POLITICAL EXPEDIENCY BEHIND INTERNATIONAL CRIMINAL COURTS", во чиј корпиус на предавачи се опфатени истакнати судии, претставници на светската акдемска заедница, јавни обвинителни и личности од меѓународното право.

Тука повторно, рецензентската комисија не дава предност и не го акцентира воопшто мојот континуиран научен ангажман и учество на престижната школа.

Во рамки на критериумот **„Резултати од научноистражувачка работа"**, ги изнесувам фактите од кои недвосмислено може да се заклучи дека предложената кандидатка има објавено **еден** труд со наслов „Пристап до бесплатна правна помош во Република

Македонија“ (2018), објавен во Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ - област млади истражувачи, одржана во септември 2018 година на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип; **додека пак втората публикација** „Анализа: права и обврски на студентите и студентските претставници при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип“ (2018), **е објавена како публикација-брошура** во рамки на проект на Здружението на правници „Легал Тинк “ во Штип **и не претставува научен труд објавен во стручно списание.**

По однос на мојата досегашна научна реализација, авторка и коавторка сум на објавени: **3 труда, 1 прирачник и 1 онлајн статија,** и тоа: “Online Media Regulation-European Media Policy vs Republic of North Macedonia” (2021), објавен во Зборник на трудови од Првата виртуелна конференција на Центарот за научна размена и едукација, во коавторство со проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ, “European Union Institutional Approach to Medialiteracy” (2021), објавен во Зборник на трудови од Првата виртуелна конференција на Центарот за научна размена и едукација, “Why Hate Crime should be punished more rigorously” (2018), труд во коавторство со проф. д-р Татјана Петрушевска, презентиран на 5-та Меѓународна конференција на Правниот факултет при Универзитетот во Тетово, објавен во Justicia-International Journal of Legal Sciences, Прирачник - Медиумска писменост на млади во коавторство со проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, Издавач Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, 2021 година, онлајн статија (блог) со наслов Придонесот на УНЕСКО за медиумската писменост, објавена 2020 година. *Воедно, сакам да дополнам дека е сторен превид од моја страна и не е доставен труд со наслов* European Legal Mechanisms of Freedom of Expression and why Hate of Speech Crimes Should Be Punished More Rigorously, во коавторство со проф. д-р Татјана Петрушевска и проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, кој е објавен во JUSTICIA International Journal of Legal Sciences, 7 (11). pp. 115-126. ISSN 2545-4927[1].

Следствено на споредбените резултати од досегашната научноистражувачка работа, **бројот на објавени научни и стручни трудови на предложената кандидатка е многу помал во споредба со моите горенаведени публикации од различен вид.**

Валоризацијата, односно бројот на објавените трудови во објавено списание и/или зборник со соодветна каталогизација – факт, во секој случај е елемент кој води кон поголема подобност за исполнување на неопходниот услов за учество на конкурсот. *Сепак, и покрај тоа што предложената кандидатка е на работ на минималната граница на подобност за исполнување на посебните услови (со еден објавен труд), а јас имам приложено повеќе трудови од неа, тоа не е доволно да ги „убеди“ членовите на Рецензентската комисија да ја донесат правилната одлука.* Истражувачкиот опус, учеството на меѓународни и домашни научни конференции очигледно во овој случај не влијаело врз донесувањето на одлуката и преферирањето на кандидатката м-р Здравева, која повторно ќе нагласам има многу помали достигнувања во овој дел, споредбено на моите научноистражувачки достигнувања до сега. *Во овој случај наместо да се истакне*

[1] Доказ во прилог.

*поголемата вклученост во научното истражување, се преферира сосема спротивното – минималните стандарди за исполнување на овој критериум.* Оттука, се запрашувам зошто е потребата од залагање и учество, натпревар и „трка“ во сопственото научно надоградување, кога тоа не се зема воопшто како критериум кој се оценува? Од непознати причини, членовите на Рецензентската комисија, одлучуваат да го занемарат овој факт и директно да одлучат во полза на кандидатката со минимална подобност за исполнување на неопходниот услов за учество на конкурсот по предметната одбласт.

**Да биде уште позачудувачки заклучокот и предлогот на Рецензетската комисија, во Рефератот на кандидатката м-р Здравева не се наведува воопшто учество на меѓународни и домашни конференции, симпозиуми, семинари, обуки и работилници. Додека пак, согласно моите референци, ова се активности во кои имам земено активно учество на околу 10тина конференции, симпозиуми, семинари, обуки и работилници од обласа на правото, медиумите, спортот и администрацијата.** Навистина е нејасна причината зошто Рецезентската комисија не ги зема во предвид овие атрибути кои дефинитивно играат голема улога во дефинирањето на интересот и понатамошниот научен развој.

Исто така, во прилогот на пријавата се доставени и учества во проекти. **Во Извештајот, Рецензентската комисија наведува и дека предложената кандидатка за избор учествувала како проектен асистент на неколку проекти во Здружението на правници „Легал Тинк“ во Штип. Останува нејасно и спорно кои се тие и колку се тие неколку проекти. Од друга страна, Комисијата во Извештајот, согласно моите доставени докумети ги подробно ги набројува проектите на кои активно сум учествувала во различни улоги и тоа како: предавач, координатор, експерт, стручен соработник, консултант и сл.** Не би сакала да верувам и овој фактот на моето активно учество на проекти и научен акгажман се занемарува. Но, сепак Комисијата од непознати причини, решава да не обрне внимание на амбицијата и ангажманот во различни активности. Од приложените податоци во Рефератот **јасна и воочлива е дискрепанцата** која постои помеѓу преферираната кандидатка и малиот број на спроведени активности во споредба со моите активности. Исто така позадинската анжагираности на кандидатката м-р Здравева од типот на волонтирање, работно искуство и други атрубути кои дефинитвно се важни во придонесот на развојот на науката **исто така се воочливо помали**, во споредба со моите активности. Не сакам да верувам, дека позитивните атрибути и побогатото CV е помалку ценето и воопшто не земено во предвид при дефинирање на заклучокот и предлогот за асистент во научната област.

**Јазичната рамка е исто така воочливо поизразена во моите квалификации, наспроти кандидатката м-р Здравева.** Повторно се поставува прашањето на нееднаков треман на моите квалификации, каде се преферира кандидат кои воочливо има помал ангажман во придонесот на развојот на науката и научниот опус. *Поединечно доколку Комисијата ги анализирала сите квалификации кои ние две кандидатки ги нудиме, каде притоа пристрасно од непозната причина се наклонува кон кандидатката м-р Здравева, дискрепанцата е сосема јасна и воочлива.*

Сметам дека развојот на науката и ангажирање на млади научници на вакви позиции е сериозна работа, каде целиокупниот развој, енергија, учество од најразличен вид и квалификации кои кадидатот ги поседува е неопходно да се земат во предвид.

Ваквиот Реферат дава сомнеж во изборот на кадар кој понатаму треба да ги создава и дефинира промените во општеството, давајќи му поголема и повисока димензија на издржаност.

Сумарно, ценам дека по сите претходно споменати групи на критериуми имам поконкурентно, покомпетентно и подобро досие, кое ме прави посоодветен кандидат за избор во соработничкото звање асистент во научната област граѓанско право. Доколку кон овие критериуми се додаде и оценувањето на исполнувањето на посебните услови за избор (како најважни услови кои треба да влијаат врз носењето на одлуката за предлог за избор), врз основа на кои јас конкурирам со објавени 3 (три) трудови, една онлајн статија и еден прирачник, а предложената кандидатка за избор има 1 (еден) објавен труд и коавторка е на една објавена брошура во рамки на проект, тогаш одлуката „би" требала да биде уште полесна. Согласно погоренаведните причини, очигледно е дека оправдувањето за избор каде се преферира кандидатката м-р Здравева, на кое се повикува Рецензентската комисија, е несоответно. Насоката – Правосудна насока (различно од Граѓанско право) како и особено магистерската теза („Корупцијата во високот образование"), не се всушност научната област граѓанско право, а со тоа учтиво повикувам повторно Комисијата и Наставно-научниот совет на Правниот факултет да го разгледаат ова прашање, со должно внимание, одговорност, транспарентност и непристраност да пристапат кон разгледувањето и оценувањето на наводите во овој Приговор, а пред сè, да не дозволат верификација на избор во звање на кандидат кој во однос на научната област се наоѓа во иста состојба како мене, но по однос на моите други достигнувања кои се воочливи, ќе ја исправи одлуката за предлог на кандидат.

Универзитетите заслужуваат кадар во кој понтенцијалот за научен развој и продонес е воочлив и за таа цел го поднесувам овој Приговор, со надеж за почит на принципите на правичност, еднаквост и рамноправност, но и со длабоко убедување дека Правниот факултет ќе опстои на основните начела и цели на високото образование во земјата, предвидени во Законот за високото образование.

Со почит,

М-р Мартина Глигорова

071/247-978

gligorova_martina@yahoo.com

29.04.2021, Штип

# European Legal Mechanisms of Freedom of Expression and why Hate of Speech Crimes Should Be Punished More Rigorously

**Research Article**
**UDC:** 342.727
316.625:316.613.434]:343

**Tatjana PETRUHEVSKA[1], Jasna BACHOVSKA NEDIKJ[2], Martina GLIGOROVA[3]**

[1*] *Department of International Law, Faculty of Law Iustinianus Primus, Ss. Cyril and Methodius University, RNM*
[3] *Department of International Law and International Relations*
**Corresponding Author e-mail: t.petrushevska@gmail.com*

**Abstract**

The freedom of expression, regarded as a civilization gain and constitutional category, is very often widely interpreted and misused. Can the expression of various attitudes be interpreted as freedom of expression or those expressions can often mean libel and defamation, humiliation and marginalizing of certain groups (ethnic, religious, cultural, gender groups)?! Not always can this type of attitude and opinion expression be accepted as elements of freedom of speech.
After the political changes in the late 80's, the freedom of expression as a right was radicalized in all its aspects, especially in the countries of South-Eastern Europe. At that same historical moment, a technological progress took place which especially came forward in the sphere of the communications and media: appearance of new media - internet, globalization of the media space etc.
Following of the fall of the Berlin Wall, the major expectations were supplying freedom of informing, speech, competition, pluralism, market economy, human rights, individuality etc. The direct political speeches, the demonstrations, pamphlets, free interviews and analytical columns have occupied the media, while the free communication between the government and the citizens was set up as a basic principle of the democratic equality. Considering these reasons, the freedom of speech was most often understood as freedom to inform, media pluralism, absence of censure etc. Twenty years later, even in the countries of South-Eastern Europe, the factors which bring the western democracy in crisis are present. Namely, the media are misused and the following is present: aggressive political marketing, propaganda, defamation, libel, hate speech. The media became synonyms of these states. These tendencies brought into light the topic about the freedom of speech, its restrictions and the misuse of this type of freedom.
This document aims to formulate the research question and to emphasize the importance of proper regulation and punishment of crimes in order to raise the level of concussions in the process of building a real democracy and respect for human rights and freedoms. It is a crime committed with a motive of prejudice, two elements that make the act of hatred. In general sense we are talking about a negative concept and negative action that causes negative consequences. There must be a basic criminal act in order to have a hate crime, thus logically any crime can become a hate crime, from murder and rape, to harassment and vandalism. We are not talking only in the context of physical violence, but also words, threats and incitement to hatred.
The acts of hatred convey the history of racism, discrimination and oppression that reflects inadequate evaluation of the victim. It is essentially a violation of fundamental ideals and principles, fundamental to modern democratic and multicultural societies. Hate crimes carry greater injuries that carry a strong message to the target person, the individuals or the group as a whole, inflict greater injuries and carry a greater offense than the basic crimes. More strictly and rigorously penalties as a solution to try to solve the problem of hate crimes in this modern society of globalization and at the same time a missing tool for active citizenship referring to an individual's resocialization and a deterrent effect from the thought of doing.

*Keywords:* international, mechanisams, universal, legal standards.

## 1. Introduction

1.The affirmation and the dramatic importance of the freedom of expression are especially highlighted after major social traumas (the period between the two world wars, the Holocaust, the Cold War, the fall of the Berlin Wall etc.). In the majority of the texts dedicated to this right the thought of *John Steward Mill* is quoted. It says:
"the freedom of expression protects us from the governments' corruption and tyranny. This freedom is one of the basic guarantees of open and pluralistic society".

2.The freedom of expression contains several elements such as: the freedom of informing, the freedom of printing and media in general. The right is mainly based on the freedom of opinion and mutual exchange of opinions. It moves from individual expression of the ideas up to the institutional freedom of the media. That is why this right is mostly qualified as "framework right".

3.There is a certain duality in this right which is as follows:

a) to send opinions and ideas of any kind and
b) freedom to search for and receive information of any kind, whether in an oral or written form, different types of art, through other media, including the new technologies which all compose the integral part of the right of communication.

4.The freedom of thinking is not an absolute human right, which may be "a subject of certain restrictions". Nevertheless, it is very important to point out that this right is not superior or primary in terms of other rights.

**2. Legitimacy of restrictions of the freedom of expression**

1.It can be concluded that no other right has so many reasons for exceptions. Even when article 10 embodied in the European Convention on Human Rights Protection and the basic freedoms contained in the Council of Europe is visually seen, which is the most referred article in the analyses, it is noticed that the second paragraph which states the restrictions is greater in scope. It reads:

"Everyone has the right to freedom of expression. This right shall include freedom to hold opinions and to receive and impart information and ideas without interference by public authority and regardless of frontiers. This article shall not prevent States from requiring the licensing of broadcasting, television or cinema enterprises. The exercise of these freedoms, since it carries with it duties and responsibilities, may be subject to such formalities, conditions, restrictions or penalties as are prescribed by law and are necessary in a democratic society, in the interests of national security, territorial integrity or public safety, for the prevention of disorder or crime, for the protection of health or morals, for the protection of the reputation or rights of others, for preventing the disclosure of information received in confidence, or for maintaining the authority and impartiality of the judiciary".

2.Obviously, it guarantees the right to free expression, but foresees its restriction (by law), which is necessary in a democratic society for protecting the order and prevention of riots and crimes, protection of the reputation and rights of others. The Article 14 of the Convention provides discrimination protection – based on race, religion, national origin, affiliation to a national minority etc. in having the rights and freedoms which are recognized, as well as every right imposed further on in the domestic legislations of the states (Protocol No. 12, Article 1). The Article 17 foresees that no provision from the Convention shall be interpreted in a way that implicates the right of a state, group or person, to be included in a certain activity or to perform a certain act with the aim to destroy one of the rights and freedoms determined by the Convention or their limitation in greater scope from the one foreseen in the Convention.

3.During the years, especially after 1990, the European Court for Human Rights in Strasbourg established significant legal corpus regarding the previously noted provisions. The Court's verdicts interpret the conformity of the national administrative measures, laws and decisions referring Article 10. The Court's case law is analyzed by the laws and regulations for media and communication in the national states in case when they violate the human rights of the submitter

of the application. The Court operates according to the well known tests for the legitimacy of the aims, the validity and the principles of the democratic society.
4.The Additional Protocol from 2003 as part of the Convention for Prosecuting Acts of Racist and Xenophobic Nature done through computer systems (actually, Convention on Cyber Crime) from 2001 foresees an obligation for punishing the spread of racist and xenophobic insults done through a computer system (Article 5). In addition, the Article 6 foresees punishing the denial, serious minimization, approval or justification of genocide or crimes against humanity.
5. European Union's Framework Decision for Racist and Xenophobic Criminal Acts from 2008 aims to establish a mutual criminal and legal approach in all member-states of the Union and demands from the states to examine whether their existing legislation is in accordance with the Framework Decision. More specifically, racist and xenophobic behavior must constitute a criminal act in all member-states. The forms of behavior which are covered include public incitement for violence and hatred; public spread or distribution of pamphlets, photos or other material that contain racist and xenophobic expressions; public denial or trivialization of the genocide crimes, crimes against humanity and crimes of war when that behavior is most likely to arouse violence or hatred against group of people or a member of that kind of group defined on the basis of the race, color, ancestors, religion or believe or the national or ethnic origin.

1.21 century - time in which every area of social life is raised to a higher level, when there is no possibility of criticism of civilizations. A time when social values and norms are respected, when people see each other with great respect. At first it seems okay. When we go back through history we notice that there are big changes, so many other very important phenomena. New buildings, new policies ... new states. And when we analyze it, everything goes for the better. Everything except human beings. Yes, our civilization is going back to the time when there were no technologies and people helped one another, no matter at what social levels they were. Today we are living in a world where we speak a lot, but very often we do not realize what kind of words come out of our lips. We talk to someone; we talk about each other and so in a circle to the asylum. We can freely say that today we live in a time of hate speech. We talk bad about

those who are below us, even worse for those who are above us. There was a time when we were careful of whom we were talking to, when we were careful not to hurt someone in person. Today, this has been lost. We look in the eye and attack, mostly without facts and evidence. And all this because we know that no punishment is to be followed. Perhaps a warning, only if the person we are talking to is strong enough not to report and oppose. At a time when the system of punishment is being promoted and when resocialization is the main segment of the punishment, the question is where are the penalties for hate speech? An old proverb says: "the wound heals, but not the bad word". I wonder if those who write the law have ever been victims. Did they sense on their own skin what means being hurt by a word? Humiliated and humiliated before all. Did they sense the sharpness of the pain? Punishment and re-socialization for this work should be posthumous because impunity gives strength and force for stronger attack. Strength for another work and greater power. Power that will not stop until it receives the deserved effect. We learn from the consequences to be better and a little less powerful. The same consequences will not confront the beautiful word and repentance.

2.In today's world hatred is a feeling, something abstractly presented in the most general sense of the word. When we mention hatred, the first thing that comes to mind is anger, violence or contempt for someone. But in reality, what is actually hatred? What is a hate crime, are we already talking about something more serious, should the state system sanction it? Is it only a feeling of negative emotions towards someone or "beyond the horizons" signifying something more, translated into action, a work that has implications, not only to the individual, but also to the wider society? Hate crimes are something different from a sense of hatred (anger or contempt), a legal category, regardless of the implications of the society, whether positive or negative, defined and constitutionally regulated in some national systems. It is largely a phenomenon that emerges after World War II, from the apparently racist propaganda of the time and the Holocaust, putting the emphasis on the entire Nazi experience as a center of attention.

3.The influence of the existence of laws regulating this matter - acts of hatred is in any case of positive significance. The existence of legislation that will regulate this particularly sensitive legal category drives society upward because of the fact that the affected community is increasing the trust. The omitted option for proper handling of these crimes, insufficiently vigorously prosecuted or punished, arguments that in any case go in favor of the adoption of special laws for the regulation of this matter. Hate crimes require not only punishment, but also greater penalties against parallel criminal offenses. But the question arises as to whether the adoption of special laws for regulating acts of hatred will contribute to the improvement of the criminal justice system to these crimes? In comparative practice, the law of the countries is usually envisaged in the case of racial, ethnic or religious motivated violence, the authorized persons to consider the motivation of the perpetrator in determining the appropriate sentence. Which means that the increased penalties for hate crimes exist without the existence of special laws? This is a matter for regulating the individual legal systems of the states, in accordance with their manner of regulation and functioning. However, looking through the prism of the various theories, we can conclude that violence motivated by ethnic hatred or prejudice is different from other forms of violence. Acts of hatred are worse than the parallel criminals that they deserve to be treated differently - stricter penalties for perpetrators of hate crimes. Someone will say this is not fair.

4.We live in a world where everyone is equal, a world where punishment is a rough tool of law. Everyone is equal, but everyone is equal in the opportunities for equal life, equal utilization of positive influences in society, equal opportunities for development and use of community resources. Not in terms of prolonging the commission of punishable offenses, hate crimes, acts

124

that in the past, someone would say time of underdeveloped communities, a time of separation, where development was not based on the promotion of "these present values" was the starting point for major historical "wars." Unfortunately, today's society is a reflection of what happened in the past, the great "craving" between cultures, the stagnation of the human mind, and even the inability to deal with this problem. A problem that has long been solved.

5.Hate crimes themselves are worse, due to the fact that the characteristics for which the victim is selected are immutable characteristics. The fact that history involves many similar acts motivated by racism, xenophobia ... The choice of the victim is particularly cowardly because of the fact that they are persons who are part of a group with characteristics that are invariable. The acts of hatred convey the history of racism, discrimination and oppression that reflects inadequate evaluation of the victim. In the essence is a violation of fundamental ideals and principles, fundamental to modern democratic and multicultural societies. Hate crimes carry greater injuries that carry a strong message to the target person, the individuals or the group as a whole, inflict greater injuries and carry a greater offense than the basic crimes. However, with the determination of the sentence, the model of just protection is satisfied, making the legal system the basic means by which society protects potential crime victims. The distribution of that justice that needs to be achieved and accomplished is a matter for the state. By imposing tougher sanctions on hate crimes, it may also have the effect of intimidating potential perpetrators of such offenses, whereby the person, when he knows what penalty he is waiting for, may cause deterrence from doing the same. However, this is of minor importance. However, what leads to an extreme punishment for hate crimes is the damage that is caused to the target person, i.e. society as a whole, as well as the elements of the hateful work elaborated above. The special penal and legal treatment of hate crimes definitely signifies more severe punishment of the perpetrators, separation of such acts as forms of basic acts and of course prescribing more severe penalties for them. Separating the very motive as an aggravating circumstance aimed at endangering the fundamental human rights and freedoms in the foreground. The subjective component, the danger of the perpetrator not only for the target group, but also for the whole society, emphasizing his personality, subjective danger, intention and motive. In determining the weight of the work it is necessary to perceive these components of the perpetrator.

**References**


1. Alon Harel & Gideon Parchomovsky, On hate and equality, Vol. 109 Issue 3 Yale Law Journal, 1999, available at: https://digitalcommons.law.yale.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=7933&context=ylj;

2. Combating Hate Crimes in the OSCE Region: An Overview of Statistics, Legislation, and National Initiatives, OSCE/ODIHR, Warsaw, Poland, 2005, available at: https://www.osce.org/odihr/16405?download=true;

3. Donald P. Green, Laurence H. McFalls & Jennifer K. Smith, Hate Crime: An Emergent Research Agenda, *Annual Review of Sociology* Vol. 27/2001;

4. Frederick M. Lawrence, Punishing Hate: Bias Crimes under American Law, third printing, published by Harvard University Press September 2002;

5. Heidi M. Hurd & Michael S. Moore, Punishing Hatred and Prejudice, Published by *Stanford Law Review,* Vol. 56, No. 5/2004;

6. Glotz/Langenbucher 1993, 142, Štefan Rus Mol, Ana Jugoslava Zagorac, Keršer, *Novinarstvo,* Clio, 2005

7. G. Allport, The nature of prejudice, 25th Anniversary edition, available at: http://faculty.washington.edu/caporaso/courses/203/readings/allport_Nature_of_prejudice.pdf

8. Mark A., Walters, Rupert Brown & Susann Wiedlitzka, Causes and Motivations of Hate Crime, University of Sussex, Sussex, July, 2016, available at: https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2918883;

*Legal documents*

9. International Covenant on Civil and Political Rights 1966, available at: https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx

10. Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination, UN 1965, available at: https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/cerd.aspx;

11. European Convention on Protection of Human Rights and Basic Freedoms of the Council of Europe from 1950, available at: https://www.icj.org/wp-content/uploads/2014/06/ECHR.pdf;

12. Additional Protocol of 2003 to the Convention on Cybercrime of 2001, available at: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/rms/090000168008160f;

13. The Law on Prevention and Protection of Discrimination from 2010 of the Republic of Macedonia;

14. Law on Broadcasting Activity, 2005;

15. The International Covenant on Civil and Political Rights – ICCPR, 1976, available at: https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx;

16. Framework decision on Racist and Xenophobic Criminal Acts of the European Union, 28th November 2008, available at: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=LEGISSUM:l33178&from=EN;

17. The Constitution of the United States of America, available at: https://www.law.cornell.edu/constitution;

**До**
**Наставно-научен совет на**
**Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Приговор поднесен од м-р Мартина Глигорова, бр.1105-66/2 од 29.4.2021 год. против Референтот за избор на соработник во звање асистент за научна област граѓанско право на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, објавен во Билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип бр.274 од 15.4.2021 година.**

Со Одлука бр.1102-60/4 од 23.3.2021 година донесена на 203. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 23.3.2021 година, формирана е Рецензенската комисија за избор на соработник во звање асистент за научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (во натамошниот текст-Комисијата) во состав:

– **д-р Игор Камбовски,** редовен професор, наставно-научна област граѓанско право како претседател на Комисијата;
– **д-р Марија Амповска,** вонреден професор, наставно-**н**аучна област граѓанско право, член на Комисијата и
– **д-р Милица Шутова,** доцент, наставно-научна област граѓанско право, член на Комисијата.

Комисијата за избор на соработник во звање асистент за научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, поаѓајќи од своето долгогодишно искуство во рамките на наставно-научната, научноистражувачката и воопшто академската дејност во доменот на граѓанското право, одговорно, објективно и транспарентно пристапи кон разгледување на пријавите и доставената документација од страна на кандидатите кои аплицираа на Конкурсот. Комисијата се раководеше првенствено од условите наведени во Конкурсот, како и од одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и, согласно членот 173 од Законот за високо образование, го даде својот предлог за избор на кандидат во соодветното звање. Поточно, во Реферaтот за избор на соработник во звање асистент за научната област граѓанско право, Комисијата му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да ја избере м-р Ана Здравева за соработник во звање асистент за научната област граѓанско право. Незадоволна од предлогот за избор на кандидатката м-р Ана Здравева, кандидатката м-р Мартина Глигорова во законски предвидениот рок поднесе Приговор бр.1105-66/2 од 29.4.2021 година против Рефератот за избор на соработник во звање асистент за научна област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, објавен во Билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип бр.274 од 15.4.2021 година.

Согласно со член 35 став 2 од Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Комисија го дава овој одговор на приговорот во предвидениот рок од осум дена.

Во рамките на својот Одговор на Приговорот, Комисијата останува на својот предлог содржан во Рефератот за избор на соработник во звање асистент за научна област граѓанско право на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, објавен во Билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип бр.274 од 15.4.2021 година.

Во врска со наводите во Приговорот кои се правно релевантни во поглед на постапката за избор на соработник, како и во рамки на понатамошното образложение на одлуката на Комисијата, ги наведуваме следниве факти:

Во врска со првиот општ услов кој треба да биде исполнет за избор на соработник во звање асистент за научна област граѓанско право – стекнат степен на образование на втор

циклус во соодветната област, ја истакнуваме и образложуваме следнава констатација: Кандидатката м-р Ана Здравева има завршено втор циклус на академски студии и има стекнато назив магистер на правни науки – Правосудна насока. Се работи за студиската програма на втор циклус на студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип која според Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области согласно со Меѓународната фраскатиева класификација спаѓа во: научно подрачје: општествени науки, поле: 508 - правни науки, и меѓу другото ги опфаќа и областите: граѓанско право-применета програма, меѓународно приватно право, договори во промет на стоки и услуги, авторски и други сродни права. Толкувањето на програмата Правосудна насока, како и одлучувањето за нејзиното соодветствување со граѓанска област, Комисијата го прави согласно и во рамките на Елаборатот за акредитирање и усогласување на студиска програма на втор циклус на студии (4+1) - Правосудна насока во рамките на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (во натамошниот текст Елаборатот) кој е акредитиран од страна на Одборот за акредитација на Р. Македонија, почнувајќи од 2012 година. Понатаму, според акредитираниот Елаборат, Програмата има за цел студентот да стекне знаење и разбирање за научното поле на проучување (правни науки) но и способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење во рамки на некоја од наведените области, меѓу кои и граѓанската област. Комисијата особено го ценеше и вреднуваше фактот што кандидатката м-р Здравева покажува интерес за насочен и продлабочен академски развој токму во областа на Граѓанското право, пред се имајќи го предвид фактот дека се работи за студент кој има просечен успех 9,55 на прв циклус на студии и истата е прогласена за студент на генерацијата и успех 10,00 на втор циклус на студии. Во контекст на просекот уште би додале дека Комисијата е на мислење дека повисокиот просек на додипломските и постдипломските студии е прв и основен критериум во академскиот натпревар, истовремено е и базичен предуслов за градење на научна кариера. Во овој поглед, несомнена и пресудна е предноста на просекот на кандидатката м-р Ана Здравева, во однос на просекот на кандидатката м-р Мартина Глигорова, кој изнесува 8,38 од прв циклус на студии и 9,50 од втор циклус на студии.

Рецензентската комисија во рамките на разгледувањето на исполнетоста на општиот услов предвиден со член 170, став 1, точка 2 од Законот за високото образование и Конкурсот за избор на наставници, соработници и стручен соработник на единиците во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, констатира дека кандидатката м-р Мартина Глигорова не го исполнува условот, односно има стекнато назив магистер од друга, несоодветна област (магистер по право од областа на меѓународното право и односи и право на ЕУ). Иако се работи за област која според Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области согласно со Меѓународната фраскатиева класификација спаѓа во научно подрачје: општествени науки, поле: 508 - правни науки, сепак, како област, таа не соодветствува со граѓанското право предвидено во рамките на оваа класификација, ниту пак со граѓанското право како научноистражувачка област и наставно-научна област во контекст на современата домашна и компаративна правна теорија и литература.

Во врска со условот за избор во соработничко звање предвиден со член 16 став 1 точка 5 од Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип кој предвидува критериум кандидатот да има објавено минимум еден труд (притоа не прецизирајќи ја областа во која треба да припаѓа содржината на тој труд), Комисијата констатираше дека кандидатката м-р Ана Здравева го исполнува условот. Конкретно, кандидатот м-р Ана Здравева има објавено труд насловен како „Пристап до бесплатна правна помош во Република Македонија“ (2018), објавен во Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ - област млади истражувачи, одржана во септември 2018 година на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во поглед на содржината и карактерот на трудот, Комисијата констатираше дека се работи за научен труд, со оглед на карактерот на публикацијата која е добро позната на Комисијата (ако се има предвид дека организацијата на настанот и издавањето на оваа публикација потекнуваат токму од

Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како институција во која припаѓаат членовите на Комисијата и воедно нивниот карактер и академско значење им е добро познато на истите). Во поглед на областа, Комисијата само би додала дека се работи за содржина која им припаѓа на правните науки и која го опфаќа граѓанското право како област во делот што се однесува на заштита на правата во рамки на граѓанската постапка, како дел од граѓанско-правната област.

Од друга страна, во поглед на творечкиот опус на кандидатката м-р Мартина Глигорова, Комисијата констатираше дека кај истиот постои научен и стручен фокус кој е специфичен, со оглед на фактот што поголемиот дел од трудовите пишувани самостојно или коавторски се во областа медиуми и комуникации. Истите, според референтните меѓународни научни и стручни класификации, припаѓаат во областа на политичките науки, со сериозни тенденции да прераснат во самостојно научно поле, што ги прави различни и од полето на правните науки, а уште подалечни на областа во која се избира соработник – граѓанското право. Тука само би сакале да истакнеме дека во ниту еден дел од објавениот Реферат Комисијата не го спори ниту минимизира научниот опус на кандидатката м-р Глигорова, но непобитен е фактот дека истиот не соодветствува со наставно-научната област граѓанско право, онака како што е сфатена во рамките на современата наставно-научна дејност. Впрочем, кандидатката м-р Глигорова наведува во Приговорот дека има запишано трет циклус на студии и дека тоа Комисијата треба да го прифати како предност во однос на кандидатката м-р Здравева, но областа во која кандидатката го има запишано третиот циклус на студии е меѓународно право. Иако за изборот не е предвиден законски услов кандидатот да има запишано трет циклус на студии, во случај да би требало Комисијата да го цени тоа како предност, тогаш тоа би било само во околности овие студии да се од соодветната област. Повторно како Комисија апострофираме дека изборот на соработник е во област граѓанско право, така што неопходно е во иднина избраниот соработник-сегашен кандидат да запише трет циклус на студии на изборната област. На овој начин сметаме дека предноста е на страната на кандидатката м-р Здравева, бидејќи самата институција, како и Катедрата по граѓанско право на која ќе и припадне избраниот кандидат, ќе имаат можност, согласно нивните реални потреби, да го насочат соработникот во областа во која ќе се постигне оптималниот персонален и институционален академски потенцијал за развој и напредување.

Во поглед на останатите услови, посебно задржувајќи се на способноста за наставно-научна дејност и нивната исполнетост, врз основа на доставената документација, но и личното познавање на способностите на кандидатката стекнато низ процесот на нејзиното студирање на нашиот факултет, слободно можеме да констатираме дека достигнувањата и перформансите на м-р Ана Здравева во периодот од нејзиното студирање па се до денес, даваат слика на исклучителен работник, со посветеност кон развој на наставно-образовната и научноистражувачката дејност. Нејзиниот опус ни дава за право уште еднаш да констатираме дека кандидатката м-р Ана Здравева во целост ги задоволува образовните, научните и стручните критериуми за избор во звање асистент за научната област граѓанско право.

На крајот, Комисијата би сакала да потенцира дека во рамките на овој Одговор на Приговор е даден одговор и образложение само на наводите во Приговорот кои ги сметаме за правно релевантни за спроведување на објективна, законска и транспарентна постапка за избор на соработник во област граѓанско право. Комисијата не пристапи кон коментирање и давање одговор на деловите од Приговорот кои, преку малициозниот наратив, го оспоруваат моралниот интегритет на членовите на Комисијата, ниту пак на оние делови од приговорот каде што кандидатката м-р Глигорова се обраќа кон Комисијата со недостаток на почит и валоризирање на искуството и академските звања на членовите, како и оние делови каде што кандидатката се обраќа кон Комисијата напаѓајќи го професионализмот на истата и објективноста и транспарентноста при одлучувањето и изработката на Рефератот.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија му предлага на **Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да**

**го одбие Приговорот на м-р Мартина Глигорова како неоснован и да го земе предвид заклучокот и предлогот од Комисијата во Рефератот објавен во Универзитетски билтен бр.274 од 15.4.2021 година со кој се предлага кандидатката м-р Ана Здравева да биде избрана за соработник во звање асистент за научната област граѓанско прво на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

| **Датум** | **Рецензентска комисија** |
|---|---|
| 5.5.2021 Штип | Д-р **Игор Камбовски,** редовен професор, претседател, с.р.<br>**Д-р Марија Амповска,** вонреден професор, член, с.р.<br>**Д-р Милица Шутова,** доцент, член, с.р. |